СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Седумдесет и четврта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 април 1994 година

Скопје, април 1994 година

**СЕДУМДСЕТ И ЧЕТВРТА (74) СЕДНИЦА- II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОДРЖАНА НА 13.IV.1994**

Дневен ред: Т.2-ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ И ОДБОРНИЦИ (ОПШТ ПРЕТРЕС)


1. АНДОВ СТОЈАН 1
2. АБДИ ФАИК 28
3. АРСОВ ДРАГИ 31
4. АНАСТАСОВСКИ МИТКО 38, 42, 43
5. АРСОВСКИ БРАНКО 48
6. БОШКОВ ЈОРДАН 13
7. ГЕОРГИОВСКИ ЉУПЧО 18
8. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР 35
9. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР 44
10. Г0ШЕВ ПЕТАР 35
11. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ 23, 83
12. МУРТЕЗАНИ АВДИ 17, 18
13. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА 37
14. МЛАДЕНОВ ВАНЧО 65, 69, 82
15. ПЕТРОВ ТОДОР 8, 11
16. ПЕТКОВСКИ ТИТО 57, 63, 64, 79, 80, 81, 83
17. ПАНОВСКИ МИХАИЛ 75, 76, 80, 82
18. ПОПОВСКИ НИКОЛА 84, 85
19. РАМАДАНИ ИСМЕТ 27
20. СТОЈКОВ СТОИЛЕ 1, 3, 69, 83
21. СПИРОВСКИ ИГОР 4 (ПРОЗИВА)
22. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 73
23. ФАЗЛИУ АГИМ 46
24. ШАЌИРИ ХИСНИ 16


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од второто продолжение на Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 април 1994 година

Седницата се одржа во сала број 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Иван Иванов и Зоран Крстевски, Ламбе Арнаудов Мухамед Халили ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седница.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може. полноважно да одлучува.

Минуваме на **втората точка** од дневниот ред -

Предлагам и по оваа точка....

Се јавува за збор пратеникот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, во текот на вчерашниот ден го известив секретарот на Собранието дека точката 77 - Барање за давање идентично толкување на член 10 од Законот за внатрешни работи поднесено од пратеникот Стоиле Стојков би требало да гласи:"Барање за давање автентично толкување на член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи "Службен весник на РМ" број 36/91. Вака како што е дадено прашањето е несоодветно затоа што

со Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи членот 10 од Законот за внатрешни работи е бришан и тука има едно недоразбирање, а членот 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи се однесува на измена на членот 23 од Законот за внатрешни работи каде што се вели дека кога е тоа неопходно за водење на кривична постапка или безбедноста на земјата по предлог на министерот, надлежниот суд одлучува да се преземат определени мерки со кои се отстапува од начелата на неповредливоста на тајноста односно на тајната на писмата и на другите средства за општење. Ова е суштината на моето барање за давање автентично толкување на овој член од Законот за измени и дополнување на Законот за внатрешни работ од причина што Комисијата за контрола над работата на СДБ не можеше да поднесе годишен извештај до ова собрание, затоа што овој член со Законот за измени и дополнување на Законот за внатрешни работи беше различно толкуван.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам значи нема ништо ново, туку точниот назив како што го дал предлагачот за толкување да се внесе во пречистениот текст на дневниот ред, а не како што е сега пренесен од вчера погрешниот нацрт на дневен ред.

Значи минуваме на **<u>втората точка</u>**. Предлагам и по оваа точка пратеник да зборува само еднаш и тоа во траење од 10 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака.

41 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (19 се против)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Бара збор господинот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Се сомневам во резултатите од гласањето и согласно Деловникот барам поединечно гласање со поддршка од 10 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Засега има само тројца пратеници за.

(Во меѓувреме се пријавија уште и така бројот беше 11).

Молам секретарот да почне со прозивка.

I/4.-

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | за |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | против |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | за |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | против |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | против |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | не е тука |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | против |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | за |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | против |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | не е тука |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ | за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | воздржан |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | за |

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | за |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | не е тука |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | за |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | против |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | не е тука |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | против |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | против |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | против |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕ СКИ | за |
| 48.ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | против |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | не е тука |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | воздржан |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | не е тука |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | за |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | за |
| 59. СТРАИО МИЛКОВСКИ | за |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | не е тука |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | не е тука |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | за |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | против |

I/6.-

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | за |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 70 БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | не е тука |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | не е тука |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | против |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | за |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | за |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | за |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | не е тука |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | за |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | за |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | за |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | воздржан |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | против |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | не е тука |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | за |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | против |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | воздржан |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | не е тука |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | не е тука |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | против |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | против |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | за |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | против |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | не е тука |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | за |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | воздржан |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ за | |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | против |

Пратеници кои во време на гласањето не беа присутни салата меѓувремено влегоа се изјаснија:

| | |
|---|---|
| ПЕТАР ГОШЕВ | против |
| ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | против |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 72 пратеника.

46 пратеници гласале за.

21 пратеник се против.

5 пратеници се воздржани.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Значи минуваме на претрес на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување пратеници и одборници.

Новиот текст на Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно член 62 став 5 од Уставот на РМ Законот се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Врз основа на членот 328 од Деловникот на Собранието на РМ, на Собранието на Македонија му предлагам Предлогот на законот за изменување и дополнување на законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, Собранието на Македонија да го претресува како Нацрт на закон за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници имајќи предвид дека е во прашање сложен и обемен закон, а претходно не бил претресуван како нацрт на овој закон. Во смисла на овој предлог го давам следното образложение.

На 11-тото продолжение на 66-та седница на Собранието на Македонија одржана на 6 октомври 1993 година, Собранието одлучи законите да одат во редовна постапка. Со самото тоа престана и итноста заради која овие закони беа поднесени за усвојување по итна постапка уште на 29 јули 1993 година. Во тоа време и во времето на одржувањето на оваа седница работните тела и пратениците беа хендиќепирани што не можеа да отвора претрес и да се изјаснат за причините за донесување на Законот заедно со другите закони во паќетот изборни закони поднесен од Владата, беа хендиќепирани што не можеа да отворат претрес и да се изјаснат за основните начела и за односите што треба да се уредат со законите и со овој закон. Дури и не може да го

I/9.-

искористат правото од член 313 од Деловникот на Собранието со заклучокот за усвојување на предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, да определат овластениот предлагач претходно да пристапи на изработка на нацрт на закон што ќе се претресува пред предлогот на законот, бидејќи се предлага уредување на системски прашања кои што го дефинираат системот за изборите за структурирањето на идната власт во државата.

Со решението за свикување на 74-та седница потпишана од претседателот на Собранието од 11 март 1994 година на дневен ред не беа ставени предлозите на овие закони и на овој закон, ниту пак Владата го имаше доставено предлогот на овој закон до свикувањето на оваа 74-та седница. Дури на 23 март оваа година Владата ги достави до Собранието сите закони а во рамките на тоа и овој закон. А како што сте запознати Предлогот за изменување на законот за изборните единици пристигна дури на 4 април оваа година. Скоро без никакво образложение овие предлози се најдоа како дополнување на дневниот ред за оваа 74-та седница, како да се работи за закони по итна постапка. Пратениците повторно се најдоа во една незавидна позиција да не можат да ги разгледаат и квалитетно да придонесат во нивното усвојување или евентуално подобрување на предложените текстови^и овој текст на закон. Имајќи предвид дека многу закони минале во фаза на нацрт, не постои никакво оправдување и овој закон заедно со другите закони кои следат по него да не минат во фаза на нацрт, бидејќи се сложени и системски закони, односно овој предлог на закон за избор како и за изменување на законот за избор и отповикување на пратеници и одборници е сложен и системски закон. Од тие причини предлагам предлогот на законот како што предложив на почетокот на моето излагање да биде разгледан како нацрт на закон, а врз основа на претресот да се овласти предлагачот односно Владата на Собранието

да му поднесе на Собранието предлог на закон за изменување и дополнување на законот и за избор и отповикување на пратеници и одборници.

Инаку лично што се однесува до уредувањето законско на материјата за избор на пратеници и одборници, во кратки црти ќе го кажам следното.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас прво би молел прво да се изјасниме за предлогот што го дадовте кој што е од процедурален карактер, да се разјасниме по него а после ќе ви дадам збор, ако одлучиме да имаме општ претрес. Ако одлучиме вака тоа би било расправа понатаму.

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници сега господинот Петров предлага да биде нацрт, како и да обавиме расправа по нацрт. Тој бара да го има тој карактер. Се разбира дека тоа тогаш ја менува целата постапка. Ние би имале само расправа по нацрт без да имаме расправа по текстот на предлогот, во тој случај. Така го сфатив предлогот на господин Петров.

Молам, кој е за овој предлог нека дигне рака?

13 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Му давам збор на господин Тодор Петров.

II/1 дв/вц

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Што се однесува до предлогот на законот за изменуваше и дополнување на Законот за избори и отповикување на пратеници и одборници ќе го кажам моето мислење во општиот претрес.

Сметам дека во согласност со член 10 став 4 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Македонија и членот 62 став 5 на Уставот на Македонија треба да се донесе нов закон за избор на пратеници на Собранието на РМ што ќе го уредува само начинот и условите за избор на пратеници.

Второ изборот на одборниците по мое лично мислење треба да се уреди со посебен закон. Имено така беше предложено со Предлогот на закон за локалната самоуправа кој Владата од 70-тата седница го повлече. Имено во предлогот на тој закон и самата влада предлагаше. изборот на одборниците да се уредува со посебен закон.

Трето, со Законот за изборот на одборниците или со овој закон со кој се избираат претставниците во органите на собранието на државата, на собранијата на општините и собранијата на град Скопје лично сметам дека треба да биде уредено и прашањето на членовите во советите на месните заедници.

Сакал некој да признае или не месните заедници сеу ште се во основата на политичкиот систем на државата и никој не може да каже дека со било кој акт истите како институции се суспендирани. Меѓутоа, иако де јуре не се суспендирани од политичкиот систем ние дефакто ги суспендиравме. Не може да се игнорира бидејќи постојат, меѓутоа ние ги игнориравме уште во почетокот на нашиот мандат на ова свикување на Собранието, со оглед на тоа што не го уредивме прашањето на изборот на членовите во советите на месните заедници, мандатот им се

продолжи за уште четири години, во одделни месни заедници, правно - противправно се. изврши смена на членовите на советите на месните заедници, тоа Владата го премолчува, меѓутоа со овој закон што го предлага владата не се споменува статусот и мандатот на членовите во советите на месните заедници кои се затекнати. Останува изгледа тоа прашање да виси и понатаму во воздух, воопшто не е регулирано, чекајќи евентуално нов закон за локалната самоуправа. Меѓутоа бидејќи законот за локалната самоуправа го немаме, а уредуваме со овој закон материјални прашања од сферата на изборот на одборниците во собранијата на одборниците, сметам дека воопшто не е спротивно на уставот и на одредбите каде се регулира локалната самоуправа да се уреди и прашањето за изборот на членовите во советите на месните заедници.

Четврто, сметам дека овој закон регулира сложеа материја и не треба да се уредува со толкав број на измени и дополнувања. За мене е несфатливо зошто владата не го прифати размислувањето на поголем број пратеници кои и во фазата на расправата на 66-таа седница од 29 јули истакна дека Владата не треба да предлага изменува и дополнување на постојниот закон за избор и отповикување на пратеници и одборници туку тоа прашање треба да се уреди со нов текст на законот Тоа е моето лично размислување во врска со прашањето на изборите и отповикувањето на пратениците и одборнците иако Владата во оваа фаза на законот прифатила одреден број забелешки кои беа дадени. Имено, место "Републичка изборна комисија" да се утврди "Државна изборна комисија" и друг поголем број на забелешки.

Инаку моите конкретни забелешки по текстот на предлогот на законот се дадени во форма на амандмани и моето право да го образложам видувањето ќе го искористам кога истите ќе бидат разгледувани.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа,

Тоа што законот го третираме во две фази останува како фалинка. Јас лично не го поддржав претходниот предлог овој предлог закон да се смета дека е како фаза на нацрт од едноставна причина што досега имавме за оваа година, скоро цела година, од првата иницијатива на владата доволен период да ги уточниме сите елементи кои би биле релевантни изборите да поминат во демократска опстановка

Ова што сега- го гледаме како предлог од владата во себе содржи низа барања на опозицијата и мое гледиште е дека на тој начин квалитетот на предлогот е подобрен. Сакам само да укажам на околности што надвор сега сме ат да вршат надзор на текот на изборите и граѓаи поточно здруженија на граѓани за таа цел» Независно од тоа што некои барања се уврстени во предлогот се уште има можност рамката за водење на избори да биде и натаму демократизирана. Јас ќе се осврнам на тие мომементи за кои сметам дека е сосема упатно да бидат сосема подобрени во овој предлог, а исто така имам и амандмани но. немам мислење од соодветните комисии на Парламентот и не сум никаде поканет да ги образложам.

Една важна работа останува, презентација во масмедиумите во предизборниот период. Таа презентација мора да биде на фер основа т.е. на рамноправна основа. Она што ние доживуваме целиот тој период на нашиот мандат е едноставно наметнување на веќе актуелна коалиција во медискиот простор опозицијата е минимално застапена, горе долу колку да се каже еве учествувала некаде во јавноста. Тоа е недоволно и сметам дека на секој јавен настап кој е веќе фактички предизборен период мора да има паралелен настап на истата емисија

рамноправно на маса и од опозицијата, слично на она што го имаме во фирмите. Таму се почитува мнозинскиот синдикат, така и во опозицијата има групи, мали групи, неформални групи. Но, битно е, што е тоа опозиција да се третира како мнозинство.

Застапеноста на жените во политичкиот дел на државното уредување е сосема несоодветно. Има препораки и од ОН и од Советот на Европа и сметам дека во механизмите за избор ние сме должни за ова да водиме сметка. т.е. да водиме грижа на листите да се најдат доволен број од женски род а не горе долу исклучително машки. Сосема несносливо е еден учесник во коалицијата да нема никаков претставник од женскиот род, а исто така и во Владата да не се даде доверба ни на еден претставник од тој род. Тоа е за угледот на нашата држава во најмала рака кажано девалвирачки.

Начинот на предлагање листи и кандидати. На нас ни е познато дека сега имаме заложба да имаме пропорционален дел, а во основа да остане мнозинскиот. Тука е битно да се каже кој смее да предлага. Овој начин како сега Владата го форсира поточно останува членот 22 од Законот постоен непроменет , дозволува мала група во партиските водства да номинира комплетен состав за идниот Парламент за било кое друго тело. . Тоа за мене е недоволна демократија. Тоа значи дека еден форум ќе може да располага со политиката. Мора по мое видување да се обезбеди и во тој правец јас поднесов амандман партиското членство да застане зад кандидатурата и тоа се обезбедува со негово тајно изјаснување. Кому му е тоа непријатно тој нека си размисли но стои ова искуство и пракса во западните отстојани и одржани демократии. Така да тука ќе бидам немилосрден и ќе инсистира овој елемент ние да го вградиме.

II/5

Пропорционалниот дел. Мене ми е непознато со која логика оди владата да го искористи до максимум. Една зададеност е 120 пратенички мандати со директни избори. Зошто мора баш 20 да бидат именувани бидејќи тоа уставот го дозволува. Не е така. Може владата да оцени дека и десет пратеници се доволни од пропорционалниот дел

Многу битен елемент од експертите што слушаме а и од други места, дека нормално дека минорни групи во општеството, пред се на национална база за случуваат застапени во највисокиот дом. Само прашање е дали е тоа начинот. Има можност на пример да се доделува втор мандат од некоја изборна единица за такви цели,симбуларни, партикуларни мандати, тоа е познато и тогаш ќе бидат застапени оние минорни групи од населението кои еве си имаат свои одлики.

Составот на изборните комисии треба да биде исто така по демократски пат. Во расправата минатата година не знам кој месец и која дата претседателот на владата бараше од позицијата да каже држави каде самата опозиција предлага членови на комисијата. Јас во тој миг не бев подготвен и не можев да настапам. Сега знам дека такви држави постојат. Ако има некој интерес соодветни закони држава во ташната кај мене и ќе ги презентирам. Но, дикцијата е следната. Државата именува раководител на комисијата, а раководителот на комисијата или претседателот се именува состав на својата комисија при што повикува комисија по предлог на оние кои кандидираат на изборите, т.е. лица со доверба на учесниците во изборниот натпревар. На тој начин се обезбедува демократија и доверба.

Еве за мене тоа е многу важен елемент кој вреди да биде застапен и во овој наш закон кој, да повторам уште еднаш на повисоко демократско ниво од постојниот и ваквиот предлог на владата заслужува да биде сериозно разгледан, унапредени на крајот усвоен.

II/6

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Предложениот закон како измени и дополнување на законот за избори и отповикување на пратениците и одборниците претставува еден од најважните закони според кој може да се цени колку се почитуваат принципите на демократијата.

Бидејќи текстот на предлог законот е копие на стариот закон само со мали измени кои не се од значаен интерес дури сега се добива впечаток дека во РМ нема расположение да се почитуваат принципите на демократијата.

Бидејќи Владата и Парламентот се служат со принципите на старите идеи на комунистичкиот систем токму тоа се покажува во овој момент кога по секоја цена се дискредитира политиката на демократските избори. Нема да има демократски избори без донесување на демократски закони. Секоја празнина во сите изборни закони ќе предизвика незадоволство и хаос кај граѓаните во изборната постапка Сите ние знаеме дека во претходните избори сме имале многу компликации кои се резултат на недемократските закони.

Поаѓајќи од овие причини би било многу покоректно да се донесат нови закони почнувајќи од законот за изборните единици. Секој обид да се занимаваме и понатаму со старите закони јас тоа го сметам за недемократско решение. Проблемите дури сега се јасни во врска со изборната процедура бидејќи комбинираниот систем не ги исполнува сите европски критериуми ниту може да се нарече дека е комбиниран бидејќи бројката на пропорционалниот што е потребно да се избира по оваа процедура е симболично. Оттука јас барам оваа бројка да се зголеми на 70 пратеници по пропорционалниот а 70 по мнозинскиот систем. Така би овозможиле на сите етнички колективите да го добијат она што им припаѓа на изборите. Само така може да се ублажи

изборната постапка. Тргнувајќи од горе изнесените факти јас ќе ја користам приликата да изнесам само еден пример во врска со дискриминаторскиот однос на старите закони.

Куманово како општина со 40% албанци од првите повеќе партиски избори од осум пратеници само еден пратеник албанец од изборната единица 44 а гласачкото тело е повеќе од 30 илјади во општина Куманово. Оттука јас не можам да зборувам за демократскиот карактер на законите бидејќи оваа невидена неправда произлегува токму од овие закони.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, По однос на изборните закони можам да речам дека владата е непринципиелна кога ни предложи половични закони односно измена на изборните закони. Јас сметам дека Владата требаше да ни предложи нов закон за избор и .отповикување на одборници и пратеници и нов предлог на законот за изборните единици. Меѓутоа, предлогот е таков каков што е и не е спорно дека законот за избор и отповикување на пратеници и одборници е донесен од страна на стариот состав на Собранието на РМ и врз основа на истиот се одржани изборите во ноември 1990 година.    "

**АВДИ МУРТЕЗАНИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Владата на Република Македонија наместо да ни понуди нов закон ни нуди амандмани групирани во Предлог-закон за измени и дополнувања на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници. Во самиот назив на текстот може да се заклучи дека предложениот закон и називот се противуставни. Со донесувањето на Уставот на Република Македонија во текот на 1991 година институцијата отповикување на пратеници веќе ја нема, а овде го имаме целокупниот Закон. Тоа значи дека предлогот е за избор и отповикување на пратеници и одборници.

Бидејќи се работи за многу сериозни закони овие закони требаше да се донесат во три фази со тоа што ќе се дадеше право на јавноста и на сите други непарламентарни партии да дадат нивно мислење и законот да ни биде подемократичен и посодржаен. Со изборите кои ќе бидат извршени, ако ваквиот закон се донесе, сигурно нема да бидат доволно демократски. Меѓутоа, бидејќи Владата е коалициона, сметам дека одговорноста за овие избори сигурно ќе ја сносат тие затоа што предложените закони, односно измена на истите одат во нивна корист. Затоа на опозицијата е повеќе да обрне внимание со манд-ани да го подобри текстот како на овој закон така и текстовите на другите закони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор во општиот претрес.

Има збор господинот Горѓиевски.

**ЉУПЧО ГОРЃИЕВСКИ:**

Дами и господа, се наоѓаме пред еден закон кој мислам дека претставува столб на демократијата во Република Македонија и на

повеќепартискиот систем во Република Македонија.

Сите се сеќаваме колку жолчни расправи предизвика овој закон пред неколку месеци кога првпат беше претставен во овој Парламент и се надевав дека овој пат ќе имаме малку посмирена дискусија. Меѓутоа, исто така се надевам дека Владата на Република Македонија оти ако ги разгледаме од друга страна како партиски интереси на Владата зад која стојат пратениците на ПДП, СДС, Либералната партија и Социјалистичката партија ќе имаат чувство за амандманите на ВМРО-ДПМНЕ и на другите опозициски претставници во Парламентот на Република Македонија од неколку причини:

Прво, сите амандмани што се дадени од страна на ВМРО-ДПМНЕ најмногу се однесуваат на она што се нарекува техничко обезбедување да имаме навистина слободни и фер избори односно можностите од фалсификување на изборите од страна на Владата на Република Македонија значи можност за фалсификување на изборите од страна на ПДП, СДС, Либералната партија и Социјалистичката партија навистина да биде доведено до минимум. Во таа смисла зошто инсистираме на тие амандмани.

Многу добро се сеќаваме каква е нашата пракса во поглед на изборите, еве се сеќаваме на изборите од 1990 година кога знае- ме дека изборите траеа три месеци, се сеќаваме на овие предизборни кампањи што се водеа за тројца пратеници пред една година, кога знаеме дека исто така тие избори траеја два ипол месеци, еве конкретно во мојот случај пет пати се повторуваа изборите на неколку избор- ни места и конечно овој најнов, најсвеж пример што е пред нас тоа е изборите во изборната единица 103 кои гледаме дека повторно не е завршен и повторно имаме поништување на изборните места што само говори дека, за жал, во оваа Република Македонија кога станува збор за изборните

закони и кога станува збор за правење на избори во Република Македонија многу сили се вмешани со цел да се фалсификуваат тие избори, односно да се добие една лажна претстава односно да се добие кандидатот што сака Владата да го добие на тие избори. Оттука, се надевам дека Владата на Република Македонија пред се пред себе ќе го постави сопствениот предизвик да биде чесна, да се грижи за тие фер избори и да и покаже на меѓународната јавност дека во Република Македонија можеме да очекуваме фер избори и со тоа да добиеме фер резултати и да имаме навистина една нова Влада во Република Македонија веќе оваа Есен која нема да има ни една дамка во поглед на можностите за фалсификување, односно узурпација на тие из- бори во Република Македонија.

Оттука, на она што јас ќе инсистирам како пратеник е токму тоа навистина Владата на Република Македонија да има малку повеќе чувство за амандманите на опозицијата, се надевам дека тоа ќе го направи со посебно чувство со тоа што сметам дека и за самата Влада ќе биде еден голем успех и ќе биде една добра можност да се пофали пред Меѓународната заедница да рече еве се прифатиле пет амандмани од страна на опозицијата во македонскиот Парламент. Јас ве уверувам дека сите амандмани на кои инсистираме ние, а на кои верувам инсистираат и независните пратеници, инсистираат и другите партии во македонскиот Парламент се само на она што се нарекува обезбедување да нема никакви фалсификати на наредните избори. Оттука амандманите што ги нуди пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, доколку бидат прифатени, подеднакво ќе важат и за ПДП како партија, ќе важат и за СДС како партија, ќе важат и за Либералната партија, ќе важат и за ПЦЕР,ќе важат и за Социјалистичката партија и за сите оние кои сакаат да излезат на фер избори. Едноставно можете уште еднаш да ги разгледате амандманите и ќе видите дека навистина овие амандмани не

дискриминираат никого, едноставно сите овие амандмани ви обезбедуваат на сите вас да се чувствувате побезбедни, да немате потреба да правите гужви на изборните места, да немате потреба да впрегнувате коалиција, државна безбедност, МВР, да не ги впрегнувате судиите, да не ги уценувате судиите, туку едноставно сите да се чувствуваме малку порелаксирано на новите избори и сите ние да веруваме дека тие избори ќе бидат фер избори.

Слушам некои критики од страна на ПДП за изборните закони. Исто така, ги повикувам и претставниците од ПДП да ги поддржат амандманите на ВМРО-ДПМНЕ, јас ве уверувам дека господа пратеници од страна на ПДД дека сите оние критики што вие ги изразувате како сомнежи за. ваква работа, за онаква работа се содржат во амандманите на ВМРО- ДПМНЕ, поддржете ги амандманите на ВМРО-ДПМНЕ ви гарантирам дека вие како партија ПДП ќе имате исто така една голема корист, еден голем ќар од нашите амандмани кои се дадени при донесувањето на овој закон.

Во таа смисла само уште еднаш ќе потенцирам на оној дел што се нарекува политички дел, односно политичка одлука дали ќе избереме само мнозински систем, дали ќе избереме комбиниран со пропорционален и мнозински систем ан едно место.

Можам да ви кажам дека нашиот основен став е да одиме само со мнозински систем затоа што сметаме дека на Република Македонија и се доволни 120 пратеници, сметаме дека нема потреба од дополнителни 20 пратеника, сметаме дека со тоа премногу ќе ја обремениме целата изборна постапка и тоа ќе предизвика уште поголеми финансиски трошоци за изборите и сето она што претставува навистина една многу полесна процедура за изборите.

Меѓутоа, ако се прифати ставот да биде мнозински плус пропорционален, барем лично нема да правам некаква посебна

трагедија меѓутоа, не можам а да не кажам дека овие пропорционални плус 20 ги сметам директно како отстапка на партијата ПДП заради притисокот кој го прави на Владата. Сметам дека тие 20 пратеници им се овозможува на партијата ПДП нереално во однос на она што се нарекува нивно вистинско гласачко тело да добие во македонскиот Парламент, тоа теоретски е многу лесно доказливо, не знам зошто Владата на Република Македонија ја прави таа отстапка на партијата ПДП, меѓутоа, сметам дека апсолутно е некоректно да се прават такви непринципиелни отстапки и се надевам и ќе ги потсетам уште еднаш пратениците на ПДП кои поволно излегуваат со најразлични критики на овој закон дека сепак тие се учесници во власта, дека нивните министри учествувале во креирањето на овој закон и се надевам дека ќе не релаксираат со донесувањето на овој закон со нивните бројни амандмани ако се онеправдани. Повеќе од сигурно е дека тие 20 пратеници се апсолутно само отстапка на партијата ПДП.

Во тој контекст на крајот уште еднаш би повикал на едно разумно однесување од страна на Владата на Република Македонија, се надевам дека ќе биде конструктивна спрема опозицијата и на крајот ќе умее она што опозицијата го предлага како амандман навистина да го направи во еден свој меѓународен престиж кога утре или задутре ќе се пофали дека еве ние бевме толку коректни, па прифативме пет-шест, осум амандмани од страна на опозицијата.

Уште еднаш ќе потенцирам сите наши амандмани на кои инсистираме се амандмани чисто од технички карактер да се обезбеди максимално безбедна постапка при водењето на изборите, броењето на гласовите, контролата на партиите на самите избори и на крајот објавувањето на резултатите.

Се надевам дека нема да дочекаме повторно новите избори кои не очекуваат некаде септември - октомври да бидат како првите избори во

III/6.-

1990 година три месеци да ги чекам конечните резултати, се надевам дека сите ќе се угледаме на европските држави, на САД кои имаат 20 0 милиони гласачи и гледаме после пет часа од затворање на изборните кутии цела Америка и цел свет ги знае изборните резултати. Се надевам дека Владата на Република Македонија ќе биде толку способна да организира милион гласачи за да и ние во Република Македонија знаеме после пет часа кој е победник на изборите во Република Македонија и кој ќе биде тој што ќе ја формира новата Влада во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор пратеникот Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници, должен сум како пратеник, бидејќи сум избран под еден закон кој беше понуден во друг состав и ние да по- нудиме еден закон со кој ќе не заменат идните пратеници.

Должен сум исто така да кажам во што не се согласувам со новиот закон и како идеја, но и како заклучок не би сакал да го негирам во целост целиот закон. Нема да бидам против законот, но мојата должност, пак да повторам, сакам да ги изнесам како предвидувања за идните избори или за новиот закон кој ќе биде понуден во новиот состав.

Понудениот Предлог на закон како таков е неприфатлив.

Прво, бројот на пратениците што ни го нуди предлагачот.

Второ, комбинираниот систем кој ни го нуди предлагачот е неприфатлив.

III/7.-

Трето, како најважно, како најпроблематично избор на една изборна единица на територија на Република Македонија во пропорционалниот систем. Зошто тоа го сакам еве кратко да образложам.

Прво, зголемувањето на бројот на пратениците од 120 на 140 на сите ни е јасно ќе предизвика огромни финансиски трошоци.

- Не гарантира ефикасност во работата на Собранието како што ова Собрание што не гарантираше ефикасност така и идното ќе се комплицира со зголемувањето на бројот во однос на 2/3 при донесување на некои битни закони. Бројот ќе се зголеми на 94 пратеници.

Избраниот модел што ни го нуди Владата мнозинскиот односот е 1:6 кој во математиката е најсложениот број и ќе предизвика една конфузија во општинските избори. Ќе биде голема пречка за избор на одборниците во изборните единици.

Трето, и едно од најважните ние можеме да се декларираме дека сме некои национални партии, а другите се граѓански, но една е вистината дека во Република Македонија освен национални партии не постои друга партија. Дали се работи за СДС, дали за ВМРО, дали ПДП, сакаат да се прикажат како граѓански партии или национални факт е и^една е вистината дека сите сме еднонационални партии. Ако во" СДС тврдат дека имаат 10, 100, 200 од другите националности тоа не значи дека е повеќенационална партија.

Второ, исто така и ПДП не може да тврди дека е граѓанска партија бидејќи ни е јасно дека и таму сите се од една националност и можам да завршам со мојата партија ВМРО-ДПМНЕ во која јасно сите сме еднонационални и сме како национална партија. Што е сега проблемот во постоењето на вакви партии во една граѓанска држава?

Со понудениот модел на пропорционален систем не може да се избере точно оној што предлагачот го нуди. Ќе се доведеме во ситуација

да се мајоризира од страна на малцинствата мнозинството. Тоа се случува и ден денеска, се виде во првите избори во делови на Македонија мнозинството кое го претставува оваа држава е мајоризирано. Тоа е факт за македонскиот народ во западниот дел е мајоризирано, и тоа е најопасната игра мајоризацијата од страна на малцинството, но исто така е опасна играта мајоризација на малцинството од мнозинството. Некој тука сака да го брани што е нормално во граѓанскиот дел таа одбрана ако малцинството го мајоризира мнозинството во една: држава тоа е многу поопасно и уште еднаш го повторувам обратниот дел и затоа за мене е неприфатливо Република Македонија да биде една изборна единици и затоа нудам решение, бидејќи овој Парламент сигурно не може да го донесе, нудам ваков модел. Изборната единица на Република Македонија да биде една со три подизборни единици. Тоа е познато во светот, тоа го спомна пратеникот Јордан Бошков, значи Република Македонија е како една изборна единица со други три подизборни единици. Што е тоа подизборна единица?

Прво би ја избрал изборната единица Гостивар. Знаеме дека од - Гостивар имаме шест пратеници од малцинството што значи мајоризација на малцинството на мнозинството. Сметам дека дел од македонскиот народ од Гостивар е мајоризиран што е многу опасна игра и тој дел на македонците од Гостивар ќе немаат шанса никогаш да имаат пратеници.

По поисот од 1991 година македонци во општина Гостивар имаше 20 илјади, албанци 72 илјади, турци 12 илјади и 484, роми 2.096, срби 366 и други. Тоа е официјалниот попис од 19 91 година- Затоа во подизборната единица Гостивар би било пожелно да има две места за македонците обезбедени во пропорционалниот систем, едно место резервирано за турците, бидејќи турците се 12 илјади и нешто и така би се добил односот.

III/9.-

Друга подизборна единица е Дебар. Дебар има 266 илјади жители од кои 3.146 декларирани македонци, 11 илјади албанци, шест илјади турци, роми и Дебар би ја земал како подизборна единица во која сигурно место би имал и македонецот во пропорционалниот систем. Кога ќе размислите добро ќе видите како оди тоа. Мнозинскиот си до- бива по еден албанец, но пропорционалниот ќе нема застапеност од страна на македонецот. Во тоа е предноста.

Трето, би го земал Куманово како град и општина со 135.529 од пописот од 1991 година од кои 68.140 македонци, 46 илјади албанци, и 10.793 срби. Затоа Куманово би го земал како подизборна единица во која едно место би имале малцинството во овој случај србите во пропорционалниот систем.

Доколку сум разбран, но изгледа малку сум разбран, времето ми е ограничено и морав тоа да го кажам. Во целина пропорционалниот систем е најделикатен и тој систем што ни го нуди Владата комбинираниот со импровизација на пропорционалниот систем се доведува во еден хаос и ништо повеќе туку само хаос ќе предизвика.

Уште еднаш да повторам ќе предизвика хаос и нема да го охрабри македонецот од многу градови, а не го спомнав Кичево иако некој од Кичево ќе реагира, имам податоци и за нив,за Тетово, но пропорционалниот систем е едно а во мнозинскиот систем е друго.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Дами и господа пратеници, посебно ме радува тоа што денеска навистина многу учтиво ги застапуваме нашите ставови во врска со законот кој е пред нас. И јас го делам мислењето со не- колку дискутанти за кои мислам дека ја кажаа вистината и така треба да се зборува. Дека требаше пред нас да имаме закон не со измени и дополнувања на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, меѓутоа, тоа е тоа, добро е што во овој закон се интервенира со многу измени и веќе законот како да е нов, само што се уште има наслов дека имаме измени и дополнувања.

Тоа што ме мотивираше да кажам нешто е дека мора да се сфати дека не се донесува закон за една партија, ниту за една нација Стоп на сите тие кои мислат дека треба да правиме закон за една нација, т.е. за една партија итн. Треба да донесеме закон кој овозможува односно обезбедува барем минимум услови за еден систем на слободни и фер избори. Да обезбедува минимум услови "За демократски избори. Нека има жустрина во тоа што е предизборна кампања, меѓутоа и тогаш да се настојува во рамките на сета наша толеранција затоа што сепак ние сме сведоци односно знаеме дека имаме една таква структура и на политички партии и национална структура на која веројатно треба сите да внимаваме колку што можеме, што позрело и на едно повисоко ниво.

Се разбира дека ние немаме, ниту можеме да најдеме некоја перфектна формула како треба да изгледаат изборите, односно како треба да изгледа еден закон за избор и отповикување на пратеници и одборници. Веројатно, се разликуваат нашите ставови дури сега и како политички партии, т.е. како пратенички групи дури и како поединци затоа

што ги гледаме работите така, понекогаш пратеник со некој комбиниран систем 70 со 70,некој 40 со 100 итн. Меѓутоа, ние веројатно со нашето гласање т.е. со давањето на нашиот глас ќе одлучиме и ќе се донесе еден закон кој навистина ќе ги задоволи барањата на нашите партии во овој случај и на граѓаните на Република Македонија.

Што се однесува до Законот, јас мислам дека законот ќе добие во својата содржина ако се прифатат тие амандмани кои навистина мислиме ние дека се амандмани кои треба да се прифатат, затоа што мора да се заложиме сите дека во ова Собрание сепак ќе треба да има едно реално отсликување на составот на пратениците на тоа што е Република Македонија. А тоа ќе се обезбеди веројатно со еден добар закон кој одговара на сите партии односно на сите граѓани на Република Македонија.

Јас слушнав на оваа говорница веќе и повик,апел до сите пратенички групи, посебно до ПДП се потенцираше да гласа за амандмани на друга пратеничка група. Меѓутоа, апелот би требало да биде не кон една партија, т.е. кон една пратеничка група туку апелот да биде до сите пратеници кои што седат во овие клупи затоа што ние донесуваме закон за сите а не закон за една партија, да одговора само на една партија, иако во дел од таа дискусија јас морам да признам дека имаше во самиот настап и учтивост и еден апел кој навистина држи од сите тие што настапија пред мене, а таквите ги подржувам и јас понатаму.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, најверојатно законот што ни се предлага како Закон за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници кај нас

влева на некоја страна сигурност, но од неколку страни несигурност. Влева одреден страв од присуство на одредени категории на луѓе или на националности, така да речам национални колективитети, не се знае што ќе биде овде во Парламентот на Република Македонија, Влева една забуна или минимизирање на одредени проблеми на кои не сме навикнале:1 ние досега како Собрание, како Парламент на Република Македонија односно тоа да го гледаме во локалните парламенти општините на Република Македонија. Меѓутоа, ние имаме нов политички систем, веројатно ќе дојдеме до еден нов економски поредок во овој политички систем и сигурно тие делегати и делегации што не посетуваа во Република Македонија се интересираа покрај сите работи и за оваа работа, па прашуваа во Парламентот каков е класно социјалниот и националниот состав на Парламентот. Не би се согласил дека одредени општини ќе дојдат до мајоризација, односно до лоша состојба или овој парламент кој знае каков ќе биде заради тоа што, како што овде некој вели од господата пратеници дека отстапката е направена заради ПДП и НДП. Не е точно тоа. Прво, не е за ПДП и ,НДП.

Ние овде имаме една белешка од сите вонпарламентарни партии кои имаат дадено свои предлози. Тука се во прашања и некои кои што не можат по пат на мнозински систем да влезат во овие пратенички клупи. Тука се и ромите,тука се и турците,власите, муслиманите, србите итн.

Според она што се нуди како пропорционален систем, иако според мене тоа е малку, меѓутоа тоа е што е, ако цела Република Македонија претставува изборна единица тоа е многу убава работ Дури, немој да се занесува поединец некој дека иако е македонец, па како изборна единица Македонија ќе гласа за него, ако во овие  три-четири години од

определена личност, од определена партија, или определен човек се покажале многу, многу поинакви отколку што би требало според мислењето на граѓаните. Тоа значи дека можеби ќе дојде до една друга состојба несметајќи дека едни ќе гласаат за други. Мислам дека во прашање е Република Македонија мислам дека граѓаните на Република Македонија видоа до нас пратениците кои сме и што сме, овде кој за што се залага и најверојатно ќе тргнат од тие соображенија за да можат да си го дадат гласот онака како што треба да го дадат.

Што се однесува до пропорционалниот систем, јас мислам дека тоа е мал процент од 20 пратеници. Тоа е 10, не знам колку, мислам дека е тоа малку, но овде друго е во прашање. Нема овде стопирање на демократијата: како што некој се изрази. Можеби има два други акта со кои можеби ќе се направи определена штета на демократија та. Тоа се за територијалната поделба на Македонија и Законот за изборни единици и избирачки списоци. Веројатно тоа нешто ќе создаде револт меѓу граѓаните, инаку од аспект на Законот, сигурно можни се и некои други решенија, но најверојатно некои од амандманите ќе се прифатат, меѓутоа, дека има стоп на демократијата ако во овој Парламент влезат и други кои не сме навикнати да ги гледаме дека овде ќе бидат по мајоризација македонците. Јас не сум македонец и тоа рафиниран македонец. Завчера гледав ромска емисија и го прашав господинот амбасадор на Франција, Патрик дали во Франција има такво нешто Тој вели дека таму нема, таму има од сите земји, меѓутоа, сите се Французи и сите имаат право и можат да бидат и тоа и тоа и тоа. Ако ние сами овде не можеме да се надминеме себе си во тие наши размислувања и во потсвеста ние можеме тоа да го направиме. Иднината само во тоа ќе лежи и ќе биде во тоа. Македонија - Македонци, јас сум Ром по

националност, важно е Македонија во прашање. Благодарам што ме слушавте и не треба да се плашиме ако овде еден ден гледаме пет шест души или девет десет роми итн. Тоа навистина ќе биде убаво Меѓутоа и таму има паметни луѓе и не може, опростете, и најпрлав да биде не знам кој да биде подобар од најдобар ром, односно албенец, турчин и не знам кој. Тоа избришете го од глава затоа што ние сите сме за Македонија.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, тоа што го очекував од Владата по овој предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници навистина не го добивме. Решенијата што се предлагаат не се јасни и прецизни и разбирливи за сите. И за оние што избираат и тие што треба да бидат избирани. Еден ваков недостаток на овој закон што ни се предлага овде навистина не е во интерес на претстојните избори и на општите залагања за демократизација на изборната постапка.

Втората забелешка во однос на овој предлог-закон што ни го нуди Владата се бројните измени. Речиси сите членови на Законот на текстот на Законот што овде ни се нуди се со некакви дополнувања, се со некакви изоставувања на членовите така да е создадена една општа збрка, една општа конфузија и навистина и поради таа причина овој закон е неразбирлив, неприменлив и како таков неприфатлив.

Ова е уште еден аргумент дека Владата треба да понуди еден нов закон за кој предлог овде се изјаснија и други пратеници. Требаше Владата да излезе и тоа со закон само за пратеници, без да бидат опфатени и одборници односно тој закон да се однесува за одборници. Во тој поглед Владата требаше да го почитува и Уставот затоа што сите

знаеме дека со Уставот е утврдено со закон да се уредува начинот и условите за избор само ан пратеници, а не и на одборници. Тоа многу јасно произлегува ако го погледаме Уставот односно член 62 став 5 Владата нема коментар зошто овој уставен член не го почитува кога ни го нуди овој закон.

Исто така, на сите ни е познато дека со Уставниот закон за спроведување на Уставот со членот 10 став 4 утврдена е обврска на Собранието најдоцна три месеци пред одржувањето на изборите да донесе закон за избор на пратеници. И овде не се спомнати одборниците. Значи и овој член од Уставниот закон Владата не го помитува, затоа што и во овој член одборниците не се внесени.

Потоа утврдено е уставно со какво мнозинство ќе се донесува Законот за пратеници. Во членот што го спомнав, член 65 став 5 од Уставот стои: "Мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието". Значи се носи закон за пратеници со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието. Наспроти оваа одредба не се зборува за какво мнозинство ќе се донесува закон за избор на одборници. За нив не е предвидено посебно мнозинство. Тоа значи дека овој закон за одборници може да се донесе и мнозинство гласови од присутните пратеници во Собранието. Всушност, за овој закон може да се применува и членот 69 од Уставот каде стои дека Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните, се разбира доколку постоикворум од 61 пратеник.

Според тоа Владата требаше да понуди нов закон за избор на пратеници, а не да ни го понуди овој закон што е поставен на дневен ред. Не само заради овие одредби кои што стојат во Уставот, туку и заради многу новини по однос на изборниот систем заради уставно п

опрецизната постапка за предлагање на кандидати, заради поцелосното остварување на правата и обврските на партиите во изборната постапка, порационално и поефикасно спроведување на изборите, контролата, правото на избори итн.

На сите ни е познато дека новина претставува и претставувањето програмите на политичките партии пред изборите, претставувувањето на кандидатите чија кандидатура се истакнува на претстојните избори за пратеници. тоа се принципи кои што ние исто така инсистираме да бидат подобро разработени во овој закон за кој што малку се зборува.

Кога веќе го спомнат претставувањето на политичките партии и на кандидатите за пратеници, овде сакам да спомнам дека Телевизијата и печатот концепциски така како што се поставени не претставуваат доволна гаранција за подеднакво претставување на сите политички партии и на сите кандидати. Тука сигурно требаше многу работи претходно да бидат изменети но за жал тоа досега не се оствари. Според Законот поимот "граѓани кои живеат и работат во странство" не е расчистен до крај. Не е расчистена таа дилема што постоеше според стариот изборен закон. Не е расчистена дилемата која произлегува од Уставот сврзана со ревизија на изборните списоци. Органот за внатрешни работи како што знаеме според стариот закон доставува списоци според издадените патни исправи за оние граѓани што се на привремена работа во странство но не доставуваше и адреси на нивното живеење. Поради тие одредби од стариот закон очигледно една ваква обврска што ја имаше органот за внатрешни работи беше неприменлива и сето тоа негативно се одразуваше на резултатот на изборите. Очигледно дека ваквите декларативни решенија што се дадени во Уставот треба да бидат заменети со нови попрактични и поефикасни.

IV/8

Досега се создаваше хаос во однос на процедурата што постоеше за изборните резултати и причините според кои се повторуваше гласањето во некои изборни единици. Често пати тоа се случуваше да се повторат изборите кога ќе се најдеше само едно ливче повеќе. Владата требаше во тој поглед да направи нешто повеќе. Заради многу работи, заради многу пропусти според мене голем пропуст постои и во одредбите што се однесуваат за општинските изборни комисии. Мислам дека законот треба да ги прецизира надлежностите на општинските комисии во однос на постапката на изборите за пропорционалниот изборен принцип бидејќи тоа е една новина и доколку биде прифатена тоа се нови надлежности и тие нови надлежности во постапката за пропорционалниот систем треба да бидат сврзани со надлежностите:на изборните комисии и на државната изборна комисија.

Апелирам предлозите од страна на опозицијата дадени преку амандмани да бидат прифатени затоа што тие се во функција за подоследна примена на Уставот. Сметам дека Владата треба да ги прифати.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, со измените и дополнувањата што се нудат во Предлог-законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, практично се исполнува обврската за усогласување на овој закон со Уставот. Либерална партија му дава целосна поддршка на Предлог-законот од следните при- чини.

Прво, со измените и дополнувањата се зголемува бројот на пратениците, можноста за избор од 120 на 140, но не праволиниски, туку со еден друг начин на избор со кој што се овозможува преку 20 пратеници на помалите партии да можат да влезат во Парламентот. Што значи дека партиите што учествуваа во претходните избори, а немаа можност заради тоа што немаа доволен број на избирачи да влезат во Парламентот. На овој начин се овозможува и тие со свој претставник да учествуваат во работата на Парламентот.

Второ, се прецизира функцијата на пратеник што низ нашата работа можеме да констатираме дека треба да се прецизира, затоа што некогаш и беше блокирана работата на Собранието само од .причина што дел од пратениците недоволно ја сфатија својата обврска на пратеник, а и недоволно беше прецизирана и во самиот закон таа обврска. Од тука сметам дека со измените и дополнувањата што се во член 5 веќе се прецизира таа функција и се појаснува односот, односно неспоивоста на пратеничката функција со другите функции кои што се остваруваат во државата.

V/2.-

Трето, се прецизира кој може да бира и кој може да биде биран уште повеќе за самиот начин на гласање. Мислам дека низ ова што се нуди сега во член 27 се избегнуваат сите можни манипулации што се правеа заради тоа што не беа прецизно во законот прецизирани. А од тука со овие одредби сега се избегнуваат такви манипулации, затоа што прецизно се предвидува во Законот кој може да биде биран и кој може да бира.

Четврто, се прецизира самиот завршен дел на гласањето преку тоа што извештајот ќе се прави на лице место, односно, на самото избирачко место. Се отстрануваат сите можни недостатоци и манипулации што можат да се прават на патот од изборното место до местото каде што односно до местото каде што се пребројуваат гласовите. Што значи дека и со оваа одредба се отстрануваат одредени недостатоци кои што ги имаше во претходниот закон.

Петто, се утврдува листа на кандидати што во претходниот Предлог на закон што го имавме и расправавме по однос на пропорционалниот систем на листа на кандидати кои што ќе бидат на пропорционалната листа и од нив ќе се избира, или ќе се менуваат пратениците што ќе бидат бирани, или на одреден начин ќе бидат вклопувани доколку некој отпадне од пратеничката функција. Што значи дека и таму се прецизира односот, односно начинот на избирањето на пратениците.

Сметам дека треба да се даде целосна поддршка на законот и да се даде приоритет на граѓанскиот однос и јакнење на односот на партиите, а не делот на националниот дел и националните односи, затоа што на одреден начин со тоа ќе се потврди и повеќепартиското наше живеење , а со тоа и ќе се зајакнат позициите на самите партии.

V/3.-

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, денешниот закон е несомнено еден од поважните закони кој што ова Собрание треба да го донесе од проста причина што се однесува за една широка демократска постапка која треба да се устрои во РМ. Јас имам повеќе причини да бидам . незадоволна од понудениот текст на Предлог-законот и ќе почнам со ред.

Без оглед на тоа што Владата имаше доволно време да подготви нов текст на закон за избори на пратеници и одборници, тоа не го стори во овој период и покрај тоа што моето залагање и залагањето на голем број членови од опозицијата, па дури и на претставници на позицијата беа за тоа да се понуди нов текст, а не измена на текстот на законот кој што го имавме порано. Потоа сметам дека со оглед на важноста на функцијата пратеник која што ја има во политичкиот живот на РМ, требаше да се издвои закон посебно за пратеници, а посебно за одборници. Ова го зборувам од проста причина што нема потреба од усложнување, односно од повторување на истата постапка на приемот на одборници, односно на изборот на одборници, бидејќи се уште не е донесен законот за локална самоуправа во кој што би требало да биде сметнат и начинот на кој што ќе се избираат одборници, меѓутоа и нивните ингиренции. На тој начин ќе ги направи општинските собранија многу пофлексибирлни, а и функциите на одборниците ќе ги направи подостапни за поголем слој на граѓани кои што не мислат да се бават сериозно со политика, освен да ги решаваат нивните проблеми од секојдневниот живот, пред се одредени прашања од областа на комуналната сфера. Токму поради тоа мислам дека нема потреба овој закон да оди заедно.

V/4.-

Од друга страна голем број на забелешки кои што беа минатиот пат речени во смисла на исто така постоеше на еден општ државен консензус помеѓу партиите застапени во Парламентот, меѓутоа и вон Парламентот, мислам дека за жал и во овој период отсуствуваше. Обично кај нас сите работи се случуваат постфестум, односно нешто кога ќе биде изгласано очигледно дека за тоа ќе се зборува и после донесувањето на овој закон, меѓутоа, мислам дека требаше да се направат напори , сепак пред гласањето, односно пред понудувањето на Предлог-законот да биде направен еден консензус помеѓу претставниците на позицијата и опозицијата, бидејќи се работи за еден значаен закон. Дури тука би ги вклучила и претставниците на непарламентарните партии, заради тоа што и тие се заинтересирани подеднакво за учество на изборите, како и партиите кои што моментално учествуваат во власта. Сметам дека голем дел од забелешките кои што во минатиот период беа истакнати во форма на Предлог- амандмани не се прифатени , освен оние од техничка природа што сигурно не влијае на расположението на голем број пратеници од опозицијата да гласаат за едно вакво законско решение, односно ги има натерано да ги повторат своите амандмани и' повторно во ова Собрание со сила на аргументи да бидат убедени друг дел на пратениците за да гласаат за неа. Според тоа го задржувам своето право да на одделен дел на амандмани и дискутирам без да биде тоа застапено во мојата дискусија за Предлог-законот.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, треба да се преброиме. Тие што сме тука секој ден ние сме пак тука. Меѓутоа, колку се интересираат нашите луѓе за држава, тоа е друго, колку од пратениците не сакаат малку да ги загреат клупите

V/5.-

па да донесеме еден закон како што треба да го донесеме, затоа што избрани сме од народот пред скоро четири години, треба малку повеќе да мислиме што зборуваме и што бараме. За жал и овој ден кога сите сакаме да донесеме еден изборен закон за нови избори, јас се чудам сега и размислувам цело време каков закон ќе донесеме кога сме присутни 40 пратеници. Од оваа говорница јас бев некогаш поагресивен, некогаш бев помиројубив и на крајот сум многу мирен, затоа што гледам дека навистина работите малку се смируваат кај луѓето, иако некој сака да прави некои бељи, некои ѓурултии, но сепак треба да се доведе оваа држава до една рамнотежа, да се доведе до една таква демократија. Еден амандман јас имам дадено , потоа ќе зборувам за тоа, меѓутоа, нека верувам дека е така. Не сакам никој од оваа говорница за што ќе се вратам малку назад и не сакам да споменам зошто тогаш зборував, но фактички е дека луѓето се поправаат. Тогаш зборувале поинаку, ако тоа е човечки, ако е тоа вистината дека созреале како луѓе во овој Парламент дека мислат така како што од оваа говорница зборуваат, тоа е многу убаво. Можеби многу ќе сфатите јас тогаш што зборував, но за жал некои работи и се оствариja некои ќе се остварат малку подоцна и тогаш треба да бидеме свесни дека ние ќе бидеме виновни или ќе бидеме во право ако тоа не биде така како што Анастасов го кажа од оваа говорница. Да поминам на целта.

Социјалата и изборите. Нашиот народ, ние пратениците не обрнавме внимание на една работа. Сакаме избори, а го заборавивме народот. Значи сега бараме избори. Кога викав јас една железна метла пред две години да не изметат, тогаш народот некако беше социјално

малку подобро стоеше, ама не ја зеде железната метла, останавме ние тука 40 души, господ нека не чува од злото. Меѓутоа, сега една многу важна работа специјално за македонскиот граѓанин, за македонскиот човек кој што го доведовме во таа положба кога викав на еден питачки стап, а сега е на два питачки стапа. Дали и ние сме виновни за тоа што брзоплето донесовме некои закони за кои можевме да почекаме, затоа што мислиме дека секогаш ќе имаме голем кревет, не знаеме дека креветот ни се стеснува и дека чергата ќе ни виси. За жал тоа стана.

За пример ја земам изборната единица 103. Од 14.000 гласачи, гласаа околу 4.00 0 и нешто. Ако трите партии,во друга држава ако сме и добиеле 4.000 гласа, не ќе можеа да извадеа пратеник. И сега се прашувам самиот себеси, тој пратеник сега на 1.200, 1.600 гласа кој народ го претставува, а кои се тие 10.000 што не гласале Да не сме слепи во таа работа. Не гласале луѓето кои ги уништивме. Јас не сум бил уште во таа изборна единица и не ги знам ни местата Иако еден од нашата партија има исфрлено. Меѓутоа, тоа не е тема. Не можеме ние да бидеме задоволни да излезе 30% од нашиот македонски народ на гласање и да имаме држава. Малку подлабоко ако ги анализираме работите ќе видите како тоа би изгледало. Некој ќе биде задоволен ако дојде на тоа место. Нашите луѓе викаат нови избори, јас знам кои викаат. Брзо сега нови избори, да дојдат нови луѓе. Ве прашувам сите вас господа пратеници и колеги, кој ќе дојде тука? Дали ќе бидат подобри од нас? Јас ве убедувам дека нема да бидат подобри од нас. Јас во тоа сум крајно убеден дека подобри од нас нема да дојдат. Ние вака - така,некако правиме. Сега што имаме грешки, ги направивме грешките сакајќи или

несакајки. Треба да сфатиме една работа, сериозно да приидеме на сите работи. Јас не сум човек што може да навредува и партијата таква ми е и така сум патријархално воспитан. И сега треба да ги држиме принципите, затоа што сме тука. Ако ги држиме принципите затоа што сме тука треба да гледаме и на улицата. Ако мижиме на улицата, се сопкаме и ние. Значи ако мижиш, не гледаш, ќе се сопнеш и ќе паднеш врз тој сиромавиот што е слеп и наместо да се повредиш ти, ќе го повредиш пак тој слепиот. Значи ние ги повредуваме слепите. Што да правиме? Каде е излезот? Избори, така? Ќе го подготвиме народот за избори и ќе му кажеме, утре. ќе дојдете на гости, затоа што за тоа малку ние сме мераклии да имаме трпези, и ќе ви дадеме се и ќе дојдете ќе гласате за нас. Ама знам дека пак ќе го спомнат тоа од вчера, сатаната, тоа не се однесуваше на никој од вас. Сите имате вакво крштелно, ми се чини. Со празна стомна не се лаже народот, со некои политички реваншизам и тоа е погрешен пат. Народот не треба да се лаже. Народот треба сам да оди на гласање, да трча за да гласа, а не да го лажеме дека имаме полна софра, а немаме ништо, или утре ќе ви дадеме она што не ќе му дадеме. Меѓутоа, сега јас не сакам да навредувам никого зошто тука луѓето, тука некои се православни, некои има протестанти, некои се католици, имаме тука луѓе од друга националност и сега директно за изборите. Јас не сум за пропорционалниот систем. Видете зошто? Сум за пропорционалниот систем, ама не таков пропорционален систем,и други вонпарламентарни луѓе, но не такви кои се бетер од

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**:(продолжение)

Јас имав мака едно време, кога отидов во МААК другиот ден дојде полицијата. Не беше Фрчко тогаш, беше друг, Трпеновски. Другиот ден сабајле дојдоа ме врзаа и ме донесоа. А, не го гибнаа, сега не знам, сега не спомнувам тие што беа на врвот. Пак мене ме фатија. Мајката, вика бабата и трча таму на таквото. Вистина ви кажувам. Зашто, јас тогаш кажав дека да му се даде повеќе на фиљан,фиљан,фиљан. И, дојдоа сабајле, ме врзаа, ме носат, мајката. Такви луѓе подобро да не дојдат зашто тие се полоши од нас.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ви истече времето.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Е сега, сум да присуствуваат, сум да добијат, да добијат до таквото, да бидат поштени, да бидат патриоти, да бидат чисти во совеста, да работат за делото за кое ние работиме сега. Ние, сакајќи - не сакајќи работиме сега за тоа дело.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ви истече времето.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Што се однесува за Западна Македонија....

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ви истече времето. Во друга прилика.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Е, Киро, сега не слегувам од тука. Да ми простиш, ...

VI/2.-

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе имате повеќе пати во одредена прилика.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Киро, молимте, не ми ги сечи мислите.

**КИРООПОПОВСКИ:**

Ќе имате и по амандманите. Бараат подеднакво сите...

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Не е за смеа,. ни за прекин не е. И Андов да беше јас пак така ќе кажев. Не сакам да кажам 100 години, зашто нема да живеам, но сакам уште 5 минути....

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе имате можност по амандманите.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Уште 5 минути како Елизабета I што побара "дајте ми 5 минути да живеам и ќе ви дадам пола империја". Јас нема што да ви дадам затоа што и палтото што го носам»не е мое.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Благодарам на вниманието. Има з б ор...

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Сакав да кажам но по амандманите ќе кажам и за овој дел на Македонија...

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Гештаковски.

VI/3.-

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВКСИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Предлогот на закон што се наоѓа пред нас за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници и одборници во основа доградден со одредени забелешки што ние ги истакнавме тука во расправата што беше по овој закон во однос на она што беше предложен во итна постапка и преименуван во Предлог за донесување на закон, сметам дека врз основа на амандманскат расправа што ќе се одвива овде во основа ќе овозможи демократски избори фер правила за избор и претставување и избирање на пратениците.

Во расправата беше покренато и прејудицирано или потенцирано едно прашање во однос на уставниот и правниот аспект на предложениот закон, во однос на прашањето, бидејќи се предлага заедно со изборот на пратеници и избор на одборници, бидејќи се предлага измена на закон несамостоен закон. За мене е и уставно и правно чисто прашањето. Нема никаква уставна и правна препка да се предлага надградба, закон за измена и дополнување, а исто така нема никаква правна и уставна пречка да се предлага во ист закон избор на пратеници и одборници.

Тука е основно да се регулираат и во овој закон, посебно да се разграничи изборот на пратеници и демократските правила и игра за избор на пратеници, независно од одборниците. Мислам дека во овој закон тоа е постигнато.

Уште една прашање што беше интересно и потенцирано од оваа говорница, сметам и мислам дека е тоа што во овој случај опозицијата се јавува со еден голем број на амандмани и на крајот опозицијата сваќа дека не ја држи онаа теза, барем еден број опозициони партии, дека опозицијата е таа која само треба да критикува и опозицијата не носи никаква политичка одговорност. Опозицијата сфати, барем на крајот на овој мандат дека треба да се бори со свои политички алтернативни

решенија. Со тие политички алтернативни решенија, како во овој случај со амандманите, сигурно во една конструктивна расправа ќе донесеме за она што се залагаат во однос на демократските избори и на  правилата.

Но, во никој случај не држи идејата - прифатете ги нашите амандмани, па ќе имаме најдемократски закон, најдемократски избори ќе имаме во Македонија па ќе имаме Европски модел. И од политичкиот и од правниот аспект одредени амандмани сигурно во расправата ќе се покажа дека држат, а одредени амандмани сигурно не држат. Таа теза би била овој предложен закон од другата страна на позицијата - овозможуваат најдемократски и најфер избори, па прифатете го и нема да имаме никакви проблеми.

Во основа, овој закон, во надградбата, кои се новините, барем според мене. Новините се тоа што се предлага еден комбиниран систем, за разлика од претходниот закон на мнозински и пропорционален, кој може да се рече се застапува веќе во Европските земји и како мнозински принцип во теоријата и праксата е познато беше доминантен дио втората половина на 19 век. Сега се оди на тој, комбиниран принципи и сметам дека ваквиот комбиниран принцип што овозможува односно тоа е добивање на мандати, тоа е систем на добивање мандати на пратеници, во овој политички момент одговара на Македонија во однос на влегување во овој парламент. на одредени помали политички партии, но тука во секој случај е дискутабилно и треба да се продискутира во однос на цензусот дали пет посто или 4, или 7% во однос на најмалиот цензус во кој би требало да биде избран по пропорционалниот принцип еден пратеник.

Со овој закон се регулира едно доста интересно, во сите избори, прашање а тоа е прашање на претставување на политичките идеи,на програмите и претставување на кандидатите во изборите што е едно од најважните прашања и сигурно во надградбата треба да овозможиме рамноправно претставување на сите кандидати, на политички партии

независни кандидати; и вонпарламентарни. Тука сигурно ќе биде многу битно разбирањето и сите идеи што ќе дојдат да овозможиме тие правила на претставување во однос на медиумите во вакви специфични услови што се во Македонија и во однос, пред се на државните медиуми.

Исто така, битно е прашањето што ќе го надградиме и во амандманската расправа и предложените решенија за финансираше во однос и политичките, во корелација и за финансирање на изборите, а битно е што го расчистуваме и прашањето во однос на неспоивоста и неизбирливо на функцијата пратеник. Сметам дека со овие надградби, надградбата, ќе овозможиме едни демократски избори и мое мислење е по расправата да го усвоиме овој закон и да дадеме на извршната власт време и простор да ги овозможи техничките и сите други услови. Бидејќи, колку и да имаш добар закон, доколку извршната власт не изврши целосни подготовки во однос на она што нуди и што дава задачи и задолжува овој закон, сметам дека не би имале демократски избори. Затоа, во голем дел и тој дел на извршната власт, кога ќе ги заврши сите целосни подготовки, би имале избори што доликуваат на нашата држава.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Фазлиу.

**АГИМ ФАЗЛИУ:**

Дами и господа пратеници, кога денеска расправаме за Пред- логот на законот за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници сакам да го искажам моето мислење бидејќи се работи за најважен закон, закон што ги регулира не само правилата на изборната игра од која игра зависат целокупните односи во едно општество и држава.

Мислам дека Владата имаше време и требаше да ни достави нов текст на закон за избор на пратеници, со што ќе можевме по суштински да расправаме за некои причини, но не знам од кои причини ова Владата не го направи.

VI/6.-

Во основа постојат две изборни системи. Мнозинскиот и пропорционалниот изборен систем. Со овие измени што ни се нудат од страна на Владата се предлага еден комбиниран систем, само заради комбинација оти во суштина доминира мнозинскиот систем без да ни се нуди нов закон за изборните единици. Се знае дека и едниот систем и другиот си имаат свои предности и недостатоци. Во периодот на транзиција како што е нашиогпропорционалниот систем би овозможил да поважните политичките партии, и националната и конфекционалната определба да доаѓа до израз во парламентот. Пропорционалниот принцип ги задоволува два важни принципи во мултиполитичките и мултинационалните општества а тоа се: демократичноста, во одлучувањето и ги обезбедува специфичностите во општеството. Кога овие елементи се усклaдуваат ова е главна мерка за квалитетот на еден општествен систем. Морам да кажам дека ние тука многу малце сме постигнале. Иако на прв поглед мнозинскиот систем би требало да биде демократски. Да оној кој добива повеќе гласови добива и глас. Поради манипулациите со изборните единици често пати во првите повеќепартиски избори, а и на оние изборни единици каде се повторуваат изборите се покажа обратното. Се покажа дека гласовите н емаат иста вредност и изборната процедура трае доста долго и неколку пати по исто изборни единици се повторуваше што дава можност за манипулации. А материјалните трошоци не би требало да се занемаараат исто така. Процентуално голема е разликата меѓу партиите кои добиваат број на гласови и пратеничките места во Собранието. Во нашава држава ако сакаме демократски избори треба поради повеќенационалниот состав на државата, добро знаеме дека околу 60% од населението се македонци а другите од другите националности треба да го прифатиме пропорционалниот систем. Се покажа дека досег пропорционалниот систем многу е подобар за периодите на транзиција како што е нашиот поради тоа што се исклучуваат манипулациите на т.н. мнозинство и рамномерно се репрезентираат сите релевантни политички партии со што се обезбедува и политичка стабилност што сите ја посакуваме.

Благодарам

VI/7.-

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници во принцип го поддржувам овој предлог на закон и сметам дека заради тоа што се наоѓа во последна фаза на негово донесување, ми е скратено право заради фазата во која што се наоѓа законот, да дадам некои посебни предлози во однос на самата содржина што ни е планирана со предлог на законот. Мислам дека е крајно фер, веќе во оваа фаза да не предлагаме и толку предлози, како начелни забелешки во рамките на овој закон. Посебно сакам да истакнам дека на 66-та седница веќе ние расправавме за предлог за донесување на овој закон иако дел од пратениците тука инсистираа да носиме сега нов закон или законот да биде во три фази. Така да според мене тоа е веќе излишно да го враќаме законот во три фази, кога веќе пред нас имаме еден предлог на закон и мислам дека треба да дискутираме по една ваква содржина.

Посебно ми е задоволство што предлагачот на законот ги имал во предвид одредените забелешки што ние како пратеници на социјалистичката партија и јас како пратеник што припаѓам на оваа партија ги предложивме во првата фаза односно во фазата на Предлог за донесува на законот, и гледам дека дел од нив се веќе сместени во оваа содржина, што значи дека можеме и како пратеничка група и јас како пратеник да бидам задоволен, како што сме ја погодиле потребата од менување на тој дел. Мислам дека во тој дел затоа и помалку би дискутирал. Меѓутоа ми паѓа во очи дека од многу дискутанти од многу пратеници инсистираме дека дали е овој закон демократичен, дали е принципиелен, дали е компактен итн. итн... Лично за мене не постојат никакви дилеми. Баш заради тоа што мислам дека и предлагачот на законот нема никакви шанси до крај да ги разреши проблемите и желбите на поединци на одредени партии кои сме присутни тука во парламентот и надвор од парламентот, меѓутоа настојува докрај да ги

VI/8.-

приближи потребите на сите субјекти во Република Македонија и мислам дека во таа смисла законот веќе добива во својот квалитет и лично сметам дека не би било потребно да некој субјект во Република Македонија без разлика дали се наоѓа тука во парламентот или надвор од парламентот биде незадоволен од содржината која ни е понудена во самиот закон).. Имајќи ја во предвид потребата од неговото донесување односно дека законот во себе има доволно демократична заради тоа што овозможува да најголемиот дел односно целиот дел сите субјекти учествуваат во изборот и според изборните резултати партиципираат во власта второ дека самата композиција односно содржина на законот е доволно прецизна и јасна и второ што законот е доволно компактен и на крај практично применлив му давам целосна поддршка на Предлог на закон и предлагам до подносителите на амандманите ако можат од дел. од нив да се откажат бидејќи бројот на амандманите нуди сосема еден нов закон што би било на штета да правовремено и благовремено го донесеме овој Предлог закон.

Благодарам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Петар Гошев.

(реакции во салата, бараат пауза)

Предлагам да завршиме со општата дебата па последен пријавен пратеник господинот Гошев.

Да ја завршиме начелната расправа.

Последен пријавен е господинот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Дами и господа, ние говориме за фер избори, за легитимни избори за избори што ќе и дадат легалитетна власт која што после нив ќе биде формирана. Затоа е потребен и добар закон, за тоа се потребни и многу други околности, за да добиеме фер избори, затоа е потребна доследна реализација, спроведување на таков закон судство што ќе го штити

словото на тој закон, затоа се потребни многу други технички услови кои што треба да се обезбедат за спроведување на избори за да можат тие избори да бидат какви што треба. Ние немаме закон уште каков што треба, ние немаме многу други услови кои што се потребни за фер избори, ние немаме судство што ги штити законите, што покажа сегашнава практика, и ние немаме многу други, други технички* средства кој што сака извршната власт да ги обезбеди за да ги добиеме коректни фер избори.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (продолжение)

Кои најважни услови се потребни за да имаме фер избори од претходното прво парламентарно искуство можевме нешто да научиме и научивме сега од изборот на еден пратеник во изборната единица 10 3. Еден од многу важните услови е правата на политичките партии на еднаков начин да ги претставуваат програмите и ставовите и да ги изложуваат своите ставови по одделни прашаwa, презентирани низ јавните медиуми. Таквите услови, а тоа е еден од елементарните услови, во РМ денес не постојат. Годинава кога прославувавме 50 години од македонското новинарство или 30 години од Македонската радио телевизија, можевме со жалење на констатираме дека опструкциите на тој план се со огромни димензии и дека интервенцијата на власта за нееднаков третман е огромна.

Што ни се случуваше непосредно пред изборите? Имавме забелешки дека Македонската телевизија допушта опозицијата да ги соопшти своите ставови само низ соопштенијата или низ повремени емисии тркалезни, повремени, во меѓувреме тече промоцијата на власта во 23,30 часот. Меѓутоа, нашата забелешка дека тоа не е допуштено и дека тоа го нема никаде и дека во еднакви термини мора да се соопштуваат ставовите и на власта и на опозицијата беше прифатено, но што се случи? Наместо во 22,30, добивме простор во 23,30, тоа беше одговорот на Македонската телевизија со 35 секунди или 50 секунди. Имавме промоција цела недела и непосредно пред изборите, премиерот говореше, претседателот на Собранието говореше, емисии непосредно пред гласањето темпирани за влијание врз јавното мислење, интервјуа на претседатели на политичките партии, истовремено на државни раководители во саботата итн. И на крајот што добивме? Добивме награда на директорот на телевизија на списокот за амбасадори. Што е

пораката од таквите потези на власта? Бидете полтрон и супер полтрон ќе бидете амбасадор или ќе бидете висок државен функционер. Фер избори нема во таков амбиент. Тоа е основното прашања за кое што треба овој Парламент да се погрижи, оваа власт да се погрижи за да може во Македонија да се слушнат сите мислења. Народот нека одбира, нека народот проценува чие мислење е глупаво, чие мислење е штетно за народот, а не поединци или групи во извршната власт- Тој услов не постои.

Втор многу важен услов кој што не постои: избирачките списоци, шанса за огромна манипулација и тоа беше просторот на манипулации на сегашните избори во изборната единица 103. Избирачките списоци не се. ажурирани пет шест генерации не се наоѓаат на избирачките списоци, 50% од избирачите не добиваат покана да излезат на изборите. Од 13 иљади избирачи во изборната единица 103, б иљади покани беа испратени само. Пет генерации младинци, млади луѓе од 18 до 23 години ги нема на списокот. Мртвите - слава им, уште се наоѓаат на списоците. Манипулациите се огромни. Со списоците располага само власта и полицијата. Политичките партии не располагаат со списоците. Не постои можност ниту една политичка партија, ниеден граѓанин да види кое име се наоѓа на списоците итн. Додека тие прашања не се уредат нема фер и чесни избори во Македонија, не постои

Затоа, додека не се истакнат сите списоци иновирани два месеци, три месеци пред изборите на табли, за да може секој избирач во своето изборно место да ги види манипулациите со списоците се огромни, затоа што можат да постојат дупли списоци и тие постојат, сигурно.

Трето, идентификацијата на гласачите и идентификацијата на извршеното гласање. Во првиот круг наместо власта, судовите да ја штитат примената на законите, тие ги кршеа законите. На денот на гласањето претседателот на Републичката изборна комисија соопштува

дека без лична карта и лична исправа може да се гласа. И, почнува, се разбира, манипулацијата. Се жалиме до институциите што некои не советуваат да ги почитуваме. Да, ги почитуваме, но чии се тие институции ако на пример Врховниот суд каже и запише: Вашиот навод е оправдан, вашата забелешка дека не смее да се гласа без лична карта е оправдана, Вашата забелешка дека поканата не е средство за идентификација е оправдана, а потоа ви напишете одоздола - вашето барање се одбива како неосновано. Срамота за Врховниот суд, срамота за било кој суд, не знам, таму има луѓе кои што ги почитувам ,како си допуштаат да напишат такво нешто. Во вториот круг, се разбира, се гласа со лична карта и пораката е да се гласа со лична карта. Тогаш автоматски првиот круг е нерегуларен. Но тоа не се поништува. Додека не добиеме судство што ги штити законите, нема,на оваа држава и нема спас, ако законот не биде на прво место. А сега тоа се случува.

Идентификацијата на гласачите мора да се врши со лична исправа. Идентификацијата на гласачите треба да се врши со гласачка книшка, што не е спремна и способна оваа власт да ја направи. Идентификацијата на извршеното гласање треба да се врши со печат или перфорирање на некои соодветно место на личната исправа или на гласачкото ливче, за да може да се знае дека е извршено гласањето за да не може да доаѓаат луѓе дури и од други изборни единици или луѓе кои ги нема на списоците или луѓе кои се починати и наместо нив некој друг да го обавува гласањето. За тие прашања треба да се погрижи оваа власт.

Четврто, имаше битки околу пропагандниот материјал. Некои кандидати си обезбедија телохранители за жал, во тие телохранители вклучени луѓе од јавната безбедност и од државната безбедност. Тоа се утврди. Тоа е срамота за инволвираноста на полицијата во из борите.

Пропагандниот материјал тоа треба да биде пропишано во овој закон - треба да се изложува на претходно определени места кои ќе си ги закупат политичките партии, каде што ниедна политичка партија нема да влегува во тој простор каде што се изложени, за да можат граѓаните да видат и едната и другата и петата што презентира. Вака се собираат група на тепачи, па го симнуваат пропагандниот материјал, а на владеачката партија полицајци стојат до изборниот материјал. Тоа го имавме на лице место проверено. Ова не се зборови ниту пропагандни ниту измислени.

Петто, што исто така не е регулирано , кажете ми во која држава може да има фер избори, ако претставниците на кандидатите на политичките партии , тие што не се во власта не можат да добијат примерок од записникот истата вечер кога се потпишува запинискот. Тоа не беше овозможено, за потоа утредента да слушаме информации како претставниците , овие што се бунат што наводно ги загубиле изборите, не поднеле приговори. Поднесоа приговори, меѓутоа, записниците направени на таков начин, на таков образец, на кој што стои една реченица долу, за да може во духот на минатите времиња да се каже: "Изборите се регуларни" и ништо повеќе. Ниедна реченица, ниеден збор не може да застане. Изборните списоци се пот- пишуваат тогаш, се констатира што е што од сите претставници на политички партии, секој претставник на политичката партија мора да добие записник, затоа што преку ноќ се менуваат записниците и преку ноќ други избирачки списоци можат да бидат заменети.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Времето Ви истече.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Ќе истече, уште малку.

Уште едно прашање во врска со пропорционалниот принцип и ќе завршам. Добар е пропорционалниот принцип, има позитивни страни тој принцип им помага на малите политички партии, им помага на етничките групации да дојдат до некое претставништво во власта законодавна, преку тоа и во извршната власт. Тој е добар, но тој има и мани. Го раситнува парламентарното тело, дава основа за не- стабилна власт и во наши услови ќе го зголеми интензитетот на етничката хомогенизација. Не ќе постои етнички колективитет на наредните избори што не ќе се затвори во себе си. Две негативни страни има тоа. Ги почитувам и позитивните, треба да имаат сите претставници, но две негативни страни во ова време се опасни. Тоа е што ќе имаме понестабилна власт и тоа е што ќе ја зголеми етничката хомогенизација и етничките диференцијации. Треба да процениме сите што во овој период на Македонија и е повеќе потребно. Да не говорам за тоа дека на Македонија не и се потребни 140 пратеници, сите пратеници треба да бидат професионалци и 80 пратеници се доволно за Република Македонија. (претседателот Стојан Андов ѕвони за ѕвончето).

Многу сте нестрпливи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не сум јас нестрплив, вам ви поминаа 4 минути.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Бројте си ги вашите минути малку, немојте на другите само да ги броите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Гошев, вие се повикувате на законитост, а не го почитувате тоа што го одлучи Собранието.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Ова не е закон, ова е ваша волја наметната на парламентарното мнозинство. Тоа не е закон, да е закон јас пред вас ќе го почитувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Но морам да ви објаснам на сите оти парламентарното мнозинство донесува сега закони, нема друг начин. Ако вие мислите дека парламентарното малцинство треба да донесува закони, тоа е некој друг систем, не е демократија, да се разбереме. Држете се до тоа. Паѓате во сопствени противречности, а најважно е што ни го расипувате тертипот овде.

Има збор г-динот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани колеги, јас не излегов на говорницата за да се фалам заради успехот во изборната единица 103, како што некои плачат заради неуспехот. Јас ќе говорам за законот за избор на пратениците во Македонскиот Парламент и за одборниците. Тоа е судбината и перспективата на плуралистичкиот живот. Власта секогаш ќе настојува да остане на власт, опозицијата ќе настојува да ја собори власта за да дојде на власт.

**РИСТО ЈОВАНОВ:(**од место)

Ама како?

VII/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Со чесни и демократски избори и така го започнувам и своето излагање.

Според тоа, можам да констатирам, не е двојбено овде во оваа сала дека нема пратеничка група или пратеник кој не се залага за демократски и чесни избори. Ако е тоа така, сите настојуваме да донесеме токму таков закон кој тие цели ќе ги обезбеди.

Овој закон што ни е понуден денес, не е совршен закон. Впрочем, совршен закон не постои. Не го оправдувам како правник заради номотехниката, нели, правната техника, мислам дека е подобро да донесевме нов закон, меѓутоа, овој закон бидејќи се темели на истите принципи како што е донесен и стариот закон што го менуваме, мислам дека целта се постигнува со изменувањето и дополнувањето на овој закон за демократски и правични избори за кои разговараме, поради следните причини:

Дефектите што беа од претходните избори ги анализиравме низ овој триипол годишен мандат и сега настојуваме и Владата, а овде не слушнав многу новини од поединци пратеници за да се дополни законот, веројатно низ амандманската расправа ќе имаме многу поконкретни сугестии и верувам дека овде нема таква политичка снага која нема тоа да го прифати што е конструктивно, заради појдовните принципи за кои сите се залагаме.

За концепцијата на законот го користиме уставното право да може бројот на пратениците од 120 да се зголеми на 140. Зошто е тоа така направено, веројатно секој од нас си има своја логика на тие работи. Јас ќе говорам за она како јас гледам што тој закон пружа во овие прилики за

Македонија и што од аспект на социјал- демократскиот сојуз сметаме дека обезбедува демократски избори.

Прво, нема совршен изборен модел во светот. Ако има таков ние би го препишале и пресликале. Значи, во светот имате чисто мнозински изборен принцип, пропорционален и комбиниран, има од мнозинскиот изборен принцип и некои варијанти - апсолутно мнозинство, релативно, има пропорционалниот , разни варијации итн. Владата на Република Македонија како предлагач се определи да ни предложи комбиниран изборен модел , кој обезбедува 120 пратеници по мнозинскиот изборен принцип и 20 пратеници врз основа на пропорционалниот. И едниот и другиот се практикуваат во светот. Државите ги менуваат зависно од политичката оценка за состојбите во државата и целите што сакаат да ги постигнат со тој закон, односно импликациите што можат да ги предизвикаат едниот или другиот изборен модел. Се определивме за ваков комбиниран модел заради продолжувањето на она што Македонија како држава овој Парламент и Владата го чини на внатрешен, особено на меѓународен план, мислам дека е неподелено мислењето дека Македонија како држава има кредибилитет како демократска држава, држава во која се цени дека има зрела демократска свест да ги уредува односите самостојно, без никаква интервенција од надвор. Според тоа, тоа можеме да го игнорираме поединци или пратенички групи, но факт е дека од свет- ската јавност добиваме позитивни оценки за демократските процеси во државата. Овој изборен закон односно овој пакет, и тоа не е спорно дека доби високи оценки од меѓународните експерти по уставно право и оние што се бават со политички систем. Според тоа, тој аспект кој што гарантира демократски процеси во Македонија во очите на светската јавност е обезбедено. Наше е преку оние технички прашања,

за кои што овде и најмногу се говореше, навистина овие стремежи на изборниот закон за избор на пратеници да ги обезбедиме. Според тоа, главната работа на која се инсистираше еве и на последните избори со овој закон се обезбедува. Се обезбедува артикулација скоро на сите политички провиниенции , сите политички погледи во Македонија, преку можноста дваесет пратеници да се бираат на пропорционална основа. За жал, ќе кажам за жал, а ќе кажам и зошто, се дава можност и апсолутно да се артикулираат и сите национални интереси во Македонија , во услови кога како држава се определивме за изградба на граѓанско општество. За жал, говорам да не бидам погрешно сфатен, перспективата на секоја држава е цивилното општество и организирањето на луѓето во политички партии на интересна основа, врз основа на социјална припадност, групации итн., а не врз основа на национално организирање. И да биде националната определба доминантна во политичкото делување на секоја политичка партија; За жал говорам од причина што би било среќа за оваа држава кога би бил на листата на социјал-демократскиот сојуз избран Албанец, или да бидам уште поконкретен на листата на ВМРО да биде избран Албанец, или обратно на листата на ПДП да~6иде избран Македонец. Тоа е перспективата на оваа мала држава, ако сака да го задржи својот демократски развој. Тоа се обезбедува.

Второ, она што беше најспорно исто така се обезбедува, забелешките што беа ставени на дополнителните избори околу идентификација на гласачите, иако тоа го нема, ви кажувам одговорно од она што сум го читал во литературата за споредбени политички системи, ниедна држава не бара да се идентификуваат гласачите при гласањето, затоа што се смета дека невозможно е некој да дојде под лажно име и да

гласа. Едноставно само што се ажурираат изби- рачки списоци и тука апсолутно се во право критичарите кога го- ворат дека за наши услови денес тоа е потребно. Затоа Владата се определи во Предлогот да бара идентификација на гласачите со лична карта, пасош, уверение за државјанство итн.

Според тоа, стариот закон со дополнувањата што се дадени сега во овој закон апсолутно дава право да се обезбедат демократски и правични избори во Македонија, кои во многу ќе зависат од политичката култура на сите нас кои учествуваме на изборите, уште повеќе што има изрична одредба во овој закон дека се рамноправни сите политички партии и сите кандидати при промоцијата сопствена на сопствената програма на предизборните активности.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза до 15,30 часот.

(Паузата отпочна во 14,35 часот).

VIII/1.- РД/ЉР

По паузата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа

Реплика побара г-динот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Ќе кажам само три-четири реченици во врска со она што г-динот Петковски го кажа. Мене ми е драго што тој е задоволен од изборниот резултат и од кога го знам како човек секогаш сум, сакал да биде задоволен. Меѓутоа, ми е чудно што мојата дискусија ја сфаќа како парламентирање над изборниот резултат на демократската партија во изборната единица 103, заради тоа што ние наспроти оценивме дека не изгубивме, а ќе размислат сите во таа ситуација кој доби, кој изгуби. Напротив, ние сме многу задоволни од тој резултат. Тоа е една работа. Меѓутоа ме загрижува тоа што овие забелешки што ги изнесов сака да ги сфати иако не сум сигурен баш така искрено мисли како парламентирање наше за резултатот во изборната единица, а не како сериозни забелешки на изборната постапка на Законите кои што постојат во оваа држава, на можностите со изборите, од што верувам дека не само демократската демократија ќе има штета, и тоа е можеби е најмалку важно е ќе има штета Република Македонија. Тоа е моето загриженост во врска со ваквата интерпретација на мојата дискусија и забелешки. Убеден сум секој кој што сака искрено д аи пристапува на оваа работа, ќе подразмисли во врска со нив, иако не сум сигурен дека и самиот г-дин Петковски не ги забележува тие слабости во Законот. Инаку, што се однесува до литературата која што тврди дека нема идентификација на гласачите, јас би му посоветувал да поразговара со германскиот амбасадор, тој е во можност да комуницира со тие луѓе, со

амбасадорот на Италија итн., ќе му пренесат некое искуство од нивните држави, а лично можам да се обврзам да донесам дел од литературата што без друго не ја прочитал, бидејќи се не може да се прочита, прочитал тоа што му одговараше во оваа прилика да го аргументира, каде што стои и нешто друго во врска со идентификацијата на гласачите. Тоа е во врска со г-динот Петковски.

Г-динот Андов реплицираше од кога ја напуштив говорницата во врска со -моето почитување на законите, алудирајќи дека треба да го почитувам временскиот рок. Се разбира, за тоа не пишува во ниеден закон, тоа го пропишува сега парламентарното мнозинство,. нетолерантно према парламентарното малцинство, но даречеме и тоа треба да се почитува, но мојот совет е и за претседателот на Собранието и за некои други да ги прочитаат законите во врска со становите, во врска со фришоповите итн. и да се погрижат за примената на тие закони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво, г-динот Гошев не може да реплицира на моето водење на седницата тој може да каже дали правилно ја водам да каже приговор кој ќе го изнесам на изјаснување овде. А тоа што му укажав дека четири минути минал преку дозволеното овде утврдено време со одлука на Собранието, јас му укажувам дека тоа е легално донесено како во секоја парламентарна земја со гласање и парламентарното мнозинство го одлучило, на ист начин како што се донесуваат законите.

Според тоа, од тоа не отстапувам за никого , а не за Петар Гошев. Мислам дека сите еднакво треба да се однесувате овде и тоа што ќе се одлучи со парламентарно мнозинство, тоа има сила на закон овде.

Инаку, ако заговара некој да одлучува малцинството, да може во тесен круг да се договори и да се наметне како закон, тоа време мина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Најнапред мислам дека е направен по мое убедување преседант во врска со репликите, бидејќи јас г-динот Гошев не го спомнав во својата дискусија. Но веројатно човекот многу сака да биде на екранот, многу често да се појавува па се нашол.

Што се однесува до Законот дали овие жестоки критики што ги изрече г-динот Гошев на Законот, мислам дека со ништо не можат да се оправдаат бидејќи во времето на донесувањето на овој Закон г-динот Гошев беше најважна политичка личност во државата. и веројатното можеше многу да влијае. Но веројатно овие промени многу што се случуваат, верувам, дека и ова ќе биде промена на г-динот Гошев. И овие се веројатно негови конечни забелешки околу демократичноста и законите кои што се носат во државата.

Трето, во однос на изборните закони, односно моделите и влијанието на идентификацијата на бирачите, може во јужно американските држави навистина има легитимација. Има држави кои што легитимираат бирачи, има држави во кои што нема такво право, односно правило меѓународно верификувано, признато, не постои, зависно од состојбите на секоја држава така си го конципираат и изборниот модел. Има земни каде што не е својствено со тоа што луѓето во избирачките одбори многу добро меѓу себе се познаваат и зошто ќе го легитимираат. А има и земји каде што не се познаваат добро, па ги легитимираат. Според тоа., тоа што јас сум го прочитал од литературата веројатно не стасал и г-дин Гошев да го прочита како што рече дека и не може тој да се прочита. Според тоа, наше е право за кое ние ќе се определиме овдека. Оваа Влада ги почитуваше сугестиите од кандидатите и партиите

што учествуваа во изборната единица 103 и заради тоа и ги вгради во предлогот за донесување на закон и сметам дека тоа не е лошо, дека е многу добро.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Г-динот Петковски за час време еволуира. Во претходното искажување рече дека не постои, не познава земја каде што се бара идентификација на гласачите а сега пред малку рече дека има едни идентификуваат, а други не идентификуваат, а може во некоја друг прилика да каже сите идентификуваат. Тоа е прво.

Второ, во врска со мојата најодговорна функција кога се носел тој закон, да, бев јас претседател на ЦК СКМ ПДП тогаш
тој на повеќе функции бил на тој систем, меѓутоа, тие што ги правеа тие закони, тогаш беа идеолошки многу поблиску до него, одошто до мене.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да се договориме по две реплики по исто прашање да има.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прво, морам да кажам дека ми е непријатно на ова ниво да разговарам со човек со кого сум соработувал. Но еве јас нема да се послужам со тој стил, малку сум хендикепиран, веројатно не сум запуштен во воспитувањето толку. Мислам деак г-динот Гошев види програмирана битка не со мене туку со моите колеги на кои што беше претседател и на кои што му потпиша пријавите за кандидирање на пратеници. Таков однос не заслужуваме. Што се однесува до програмите, ако тоа навистина е програмска битка, верувам дека г-динот Гошев направи програма за СКМ ПДП, направи програма за социјал

демократскиот сојуз, направи програма за демократска партија веројатно ќе прави уште многу програми. Јас навистина би сакал да верувам дека оваа Програма е конечно посебна.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Импутирањето на нешто што не постои може да процени секој кој го врши. Во случајов јас реплицирав со г-динот Петковски ниту со пратеничка група, ниту со поранешни соработници итн. Што се однесува до програмите исто така, се изнесуваат лаги, тука пак е својствено на некој што мислат дека да има подобро воспитание од другите. Јас напишав една програма, програмата на СКМ ПДП тоа беше таа Програма и друга не сум напишал, но за жал некој таа програма ја стави во фиока.

**ВАНЧО МЛАДЕН0В:**

Почитувани пратеници, овој текст на Предлогот на закон за избори и отповикување на пратеници и. одборници, кој е предмет на денешната расправа, во досегашната расправа претрпе доста и критика, а и пофалба. Значи за исти текст на еден закон во една расправа се добива и голем број на комплементи како позитивен, а исти тој текст доби и одредени поголеми критики како недемократски и како закон кој не може да обезбеди една гаранција дека наредните избори во нашата држава ќе постигнат една поголема демократичност и една поголема сигурност граѓаните ќе можат да излезат на едни демократски и слободни избори. Меѓутоа, мене не мие е познато, не ми е јасно под кое име и за каква демократичност цело време се расправа на овој Парламент. Дали во името на партиите кои постојат во нашата држава, или во интерес на граѓаните на оваа држава. Бидејќи ако се залагаме да добиеме еден закон во кој ќе успееме нашите граѓани да ги натераме три а можеби и четирипати да излегуваат на едно избирачко место за да можат да

изберат еден кандидат, не знам дали е тоа голема демократичност и можеби тоа не се рамни со изведување на терор спрема сопствените граѓани. Имено, јас би рекол дека еден закон би бил демократичен во таа смисла кога со едно излегување на граѓаните навистина ќе може да се заврши работата, односно да можат да се изберат најголемиот дел од пратениците во овој Парламент. Меѓутоа, ми се чини дека и претходниот закон, па и овој закон и уште повеќе овој голем број на амандмани кои се доставуваа и во текот на расправата по овој закон, токму ќе овозможи и понатаму да се врши и според мое лично толкуваше терор врз сопствените граѓани. Јас би сакал да наведам и неколку примери во кој на некој начин токму тоа се работи, а тоа се исклучиво во интерес или по налог на партиите кои постојат на нашата држава. Зошто да речеме најповеќе се прават забелешките на изборната постапка од кога ќе се избројат гласовите во гласачките сандачиња. Зошто тоа да не се направи од кога ќе заврши постапката, да речеме од 7 часот наутро до 19,00 часот навечер и пред да се отворат кутиите сите претставници на партиите кои се присутни на изборите, која ја следеле изборната постапка да дадат, да речеме, една изјава со која досегашната постапка дали е изведена испрано или неисправно. Сите се сложуваат дека е во ред работата, меѓутоа кога ќе се избројат гласачките ливчиња, од кога ќе се видат резултатите, тек тогаш претставниците на партиите наоѓаат разни забелешки и поднесуваат разни приговори да можат да ги остварат понатаму своите цели, односно да можат да го добијат она што не го добиле во претходното изјаснување на граѓаните. И тек тогаш почнува постапката за таканаречениот терор врз граѓаните, за да можат да ги натераат уште еднаш, уште двапати или уште трипати да излезат

за да се произнесуваат по иста работа. Јас демократичноста ја подразбирам тогаш кога во еден закон кој е прифатен се ставаат сите субјекти во еднакви услови. Сите партии кој постојат во една држава да го признаваат Законот и да го прифатат тој закон и да ја реализираат својата изборна програма со Законот кој важи во нашата држава. Бидејќи е еден закон сите субјекти се ставени под еднакви услови. Меѓутоа, дали сега партиите не сакаат да го прилагодат исклучиво према своите интереси, веројатно тоа е цел, бидејќи реков ме партиите постојат заради усвојување на власта, а за власта треба да се најдат начини и методи како да се дојде до неа. Веројатно и ова е еден од законите кој овозможуваат да се дојде до власта, да бидат така прилагодени за да можат одредени партии да имаат одредена предност во изборите. Меѓутоа, мислам дека тоа не може да се рамни со демократичноста бидејќи сите овде кој остануваме и дискутираме мислам дека најчесто употребен збор ние токму демократијата. Бидејќи пак ќе повторам, дали таа демократија ја бараме за себе,како партиски субјекти, како претставници на одредени партии, или ја бараме во интерес на граѓаните. Јас мислам дека ќе бидеме многу поисправни и поприфатливи доколку таа демократичност ја бараме токму да биде во интерес на граѓаните односно да не правиме такви закони со кој граѓаните ќе ги малтретираме туку со едно искажување на својата волја и со своето знаење да можат да ја завршат обврската што ја имаат, како и уставното право да излегуваат на изборите. Оттука, јас имав одредени размислувања да учествувам по одредени амандмани во кои би сакал да го постигна тоа, токму за да можеме да добиеме закон со кој ќе можеме најповеќе со првиот круг на гласањето, односно со излегување на гласање, тогаш ќе можеме да постигнеме, што практично се покажа дека тогаш имаме најголем процент на излегување на нашите граѓани на

на избори да ги добиеме практично и најголемиот дел од изборните резултати, а не како што беше во претходните избори и како што имавме сега случаи во дополнителните избори, во првиот круг на изборите да не можеме да добиеме ни приближни резултати, односно нити во еден случај немаме добиено, односно избрано пратеник за Парламентот. Од тогаш би сакал и во нашата следна амандманска расправа која следува по овој текст во Законот да се потрудиме да бидеме поконструктивни и да бидеме со оваа цел со едно излегуваше на нашите граѓани да "добиеме барем ако не повеќе, нешто повеќе од 50, односно 60 до 70% избрани пратеници во нашиот иден Парламент Затоа мислам дека треба да постигнеме резултат ако тоа веќе не се постигне во првиот круг на некој начин да направиме тоа да биде барем да можат изборите да можат да завршат со вториот круг, со тоа што во вториот круг би се согласиле да одат оние кандидати кој во првиот круг добиле најмногу гласови, односно во вториот круг да добијат право да можат да одат само оние кандидати кои се први и втори на ранг листата од првиот круг. Ќе мора да кажам една проста математика, практично е неможно кога на едно гласачко ливче имаме 10, 15, па можеби повеќе кандидати, јас верувам дека во следните избори не ќе имаме избирачко место за изборната единица каде нема да имаме повеќе од 10 или 15 кандидати за избор на еден пратеник. Како е во такви услови тогаш можно да се добијат 33% од избирачкото тело, односно запишаните избирачи на тоа гласачко место.

IX/1.-ДВ/МЛ

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Тоа практично и теоретски е неможно бидејќи ако 100% се дели на 15 најмногу може да се добијат 7 односно 6% од гласачкото тело. Меѓутоа имаме случај и позитивно е помал број на кандидати да го добијат поголемиот дел. Меѓутоа сигурно дека е малку можно да се добие оној процент кој е доволен, барем како што е предвидено со законот да биде избран кандидат во првиот круг. Затоа треба да ставиме едно ограничување доколку на гласачкото ливче има повеќе од 10 кандидати, барем повеќе од .десет кандидати, тогаш за тој процент во првиот круг биде помал за да можеме да успееме и во првиот круг да добиеме избран пратеник во идниот Парламент.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, создавањето на демократски амбиент при расправата и гласањето за Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикуван»е на пратеници и одборници од повеќе од потреба, за да овој состав на Собранието си го одбрани на некој начин достоинството и историската вистина на прв повеќепартиски парламент кој изгласал устав и со тоа овозможи да се создаде независната македонска држава под името Република Македонија.

Зошто ни е потребен тој демократски амбиент? Од повеќе причини, меѓу кои и тоа дека на некој начин создадениот впечаток за таканаречен неефикасен парламент, впечаток кој дел е овозможен и со однесувањето на самите пратеници, меѓутоа и вештачки создаден би рекол од страна на поедини медиуми, секако најповеќе во најмоќниот медиум Македонската телевизија, со она познато што секоја вечер го изговараат - владините избраници, поедини уредници во ТВ дневникот, почнувајќи вака: "Народните избраници денес во Парламентот во јалови расправии итн.".Сето тоа го прават во интерес на зачувување на монополот овозможен со изнуден надоместок од незаштитените граѓани.

IX/2.-

Неспорно е да повторам дека пратениците кои ја поддржуваат Владата се на број 76, што значи дека и без пратениците на опозицијата можат да го донесат законот за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, како и многубројните досега не донесени закони за кои се обвинува во целина "неефикасниот Парламент", се разбира освен оние закони кои се носат со она двотретинско мнозинство. Таквиот впечаток кој мора да признаеме е длабоко всаден во мнозинството граѓани на оваа држава, ќе предизвика масовно неизлегување на претстојните избори, пред се, од страна на Македонците што ќе претставува закана за опстанокот на македонската држава и нација. Ако тоа се случи,се надевам дека националната македонска свест ќе се разбуди, но сепак ако се случи тогаш виновниците се познати, но што ќе има македонската нација од тоа.

Второ случување ќе биде ако и Владата како предлагач на овој закон, а и овие 76 пратеници кои ја поддржувате арогантно се однесувате кон предложените амандмани од страна на пратениците од опозицијата.

Што е тоа како суштинска измена е предложено во овој за- кон а за мене е лично неприфатлива. Тоа е додатокот за избор на претставници во собранијата според пропорционалниот принцип, избор уште на 20 пратеници врз основа на овој принцип покрај оној минимум што е дозволен со Уставот 120 пратеници избрани врз основа на мнозинскиот изборен модел, односно плус одборници во сите општински собранија во ист сооднос. Тоа според мене е непотребно оптоварување, пред се на даночните обврзници, односно буџетот на Република Македонија како за изборите, така и за егзистирање на тие плус 20 пратеници, односно плус трошоци за егзистенција на тие партии што ќе ги предложат тие 20 пратеници што се избираат по пропорционалниот модел.

Не држи за мене објаснувањето дека со тоа решение ќе има претставници на малцинствата во Собранието и некој го толкува како врвен демократски дострел, а тоа го прават граѓаните без македонска национална свест. Нели е почитувани пратеници Уставот граѓански, а тоа и во претходните дискусии се констатира, односно дека сите граѓани без разлика на вера,а јазикот, социјалната и економската состојба се еднакви пред Уставот и законите.

Би го прашал предлагачот, во овој случај Владата на Република Македонија во која тоа западна држава а со тоа и демократска на малцинствата им е дозволено да формираат политички партии. Таквите политички партии и нивно учество на избори за претставници во Собранијата претставува опасност за сепаратизам во секоја држава, а во Република Македонија таквите политички субјекти се опасност и сега а и во иднина. За мир и стабилност на Република Македонија во следните три-четири изборни циклуси и е потребен само мнозинскиот принцип за избирање на претставници. Кога ќе надвладее свеста за припадност и лојалност кон државата Република Македонија, потреба ќе биде одредени граѓански форми на притисок кон власта, на пример да ги земам екологистите, имаат свој претставник и во ова Собрание. Тоа е таа суштинска несогласност кон предложениот комбиниран модел што јас го искажав пред малку.

Амандманските реакции од страна на пратениците од опозицијата па така и моите, на техниката ќе повторам за спроведување на изборите почнувајќи од тоа, пратениците и другите избрани или именувани функционери од страна на Собранието по верификација на мандатот јавно да ја соопштат својата имотна состојба, за да се види дали политичарите се богатат со помош на функциите, односно дали се создаваат мафијашки спреги итн. Понатаму, членови на изборните органи да не може да бидат вработените во МВР, Армијата и Агенцијата

за разузнавање од проста причина што тие лица исто така, согласно законот не може да бидат кандидати за претставници.

Претставниците на кандидатите да имаат својство на помошници на Изборната комисија во променлив состав.

Право на учество на изборите да имаат политички партии со најмалку пет илјади членови, односно што ќе се случи, би се запрашал а и вас би ве прашал ако на изборите учествуваат 80 партии. Дали на Република -Македонија и се потребни 80 партии. Сега веќе имаме 60 и повеќе партии.

Воведувањето на избирачката книшка, претставувањето на кандидатите на МРТ како национална институција која се финансира од граѓаните, ќе повторам, пред се, а тука пред малку од еден пратеник имаше елаборација на кој начин власта ја користи таа национална институција Македонска радио телевизија да ги презентира само власта, а сето тоа го плаќаат граѓаните, односно да се создадат механизми за претставувањето на сите кандидати да биде под еднакви услови во исти термини и во иста програма. Тоа се технички правила кои ако и одговараат на опозицијата, се прашувам зошто не би им одговарале партиите кои сега а и за изборите ќе владеат со Република Македонија. Ако се неприфатливи за вас господо од коалицијата, тогаш се сомневам дека вие сакате навистина демократски избори.

Во меѓувреме добивме еден амандман од Владата за добивање на член 45-а каде што се вели дека изборите за општинските собранија ќе се извршат шест месеци по конституирањето на новоизбраното собрание. Јас се прашувам пред се, верувам дека стручњаците од Владата ќе ни објаснат, дали ние можеме една таква одлука да до несеме да им се продолжи мандатот за шест месеци на претставниците во општинските собранија, односно во локалната самоуправа, без разлика што законот за локална самоуправа не е донесен, тоа е едно

прашање и дали со ова Владата не признава дека овој закон би требало да биде само закон за избор на пратеници. Еве зошто? За мене ако една ваква;-можност,) зошто Владата не размислувала, даречеме како јас што размислувам, еве сега ќе го кажам примерот да се избираат само градоначалници во општинските собранија, односно во градовите а да се именуваат советници спрема кои градоначалникот ќе биде обврзан да го почитува мислењето на тие советници односно одлуките што ги носи градоначалникот да не може да ги донесе без мислење на мнозинството од советниците, а советниците да се избираат врз основа на резултатите од ова Собрание, политичките партии. Тоа да важи во сите градови подеднакво. Зошто за една таква солуција Не се одлучи Владата односно на некој начин да имаме евтини избори и да не ни се случуваат работи што се случуваат сега со општинските собранија. Советниците така ќе бидат пресликани од односот на силите во овој Парламент и во сите општински- собранија. Така на пример ако ВМРО-ДПМНЕ овде има мнозинство, кај советниците во градот Тетово исто така ќе има едно мнозинство. Тоа е за. размислување и е демократски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги. Кога дојде на дневен ред ова прашање нормално дека се јавуваат и различни политички гледања. Мислам дека и тоа треба да го сместиме во секторот демократија.

Од овде се слуша ехото дека сите се за добри демократски избори и тоа е добро затоа што демократијата не зависи само од нас во Парламентот туку од изборните носители на демократијата, од граѓаните. Секако дека ова е прилика сите политички партии треба да доживеат уште една верификација на своите политички програми на изборите и тоа мора да го прифатиме пак како демократија. Меѓутоа,

изборите ќе бидат толку добри и толку демократски како владеачка категорија ако истите ги прифати народот, а не само ние. Меѓутоа треба да сфатиме дека демократијата е нешто пошироко од политичкиот плурализам и од политичките интереси на партиите, дека тука спаѓа и правната држава и пазарната демократија во концептот на политичките проекти на политичките партии.

Груба страна на демократијата знаеме дека е владеењето на повеќето над помалото. Меѓутоа, во изборите треба да владее индивидуата а не колективистичките проекти. Јас се залагам за тоа да не бидеме заробени во избори со промоција на колективистички опции. Демократијата треба да ја гледаме во слободата на индивидуата.

Исто така сите промотори на политичките партии се за доб- ри демократски избори, односно бараат нивната изведба да биде во функција на афирмација на правната држава. Јас тоа го гледам во Предлогот на законот за избор на пратеници и одборници и оттука и го поддржувам. Секако дека во однос на пропорционалниот систем и мнозинскиот систем има и различни политички гледања. Имаат и едни- те и другите позитивни страни. Меѓутоа политичка оценка на овој Парламент, а и тоа во контекст на владеењето на демократијата^ од- носно на нашето совладување на демократијата да оцениме дека и овој пропорционален модел онака како што го предлага Владата е пак во интерес на демократијата во Република Македонија и во интерес на суверенитетот на македонската држава.

На крај да кажам дека јас сите реплики пак ги сфаќам како демократија. Тоа покажува дека во текот на политичките опции пријателите станувале непријатели, непријател«те пријатели, меѓутоа политичките интереси колидираат за одредени прашања и тоа треба да го сместиме пак во контекстот на демократијата и од тоа не треба да

градиме некои односи кои ќе и штетат на демократијата. Го поддржувам овој Предлог на законот за избор на пратеници и одборници и различните гледања пак на еден мирен и демократски начин треба да ги искажеме низ амандманите, пак преку демократијата.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници. Сметам дека е добро што расправаме за еден ваков закон и мислам редно беше овој закон да стигне на расправа бидејќи неколку пати се одложува неговото носење овде на расправа пред Парламентот.

Веднаш на почеток сакам да кажам дека сметам оти требаше да ни се достави комплетно нов закон за избори на пратеници и одборници а не вака една каша од членови кои комплетно се испомешани.

Сметам исто така дека тоа е еден фундаментален закон и дека е потребно овој закон да го донесат сите политички субјекти со еден општ консензус, слично како што беше донесен Уставот, законите за знаме, за одбрана итн. Само на тој начин ако донесеме еден закон за избори само тогаш можеме да кажеме дека основните претпоставки за одек>е на избори кои би можеле да' бидат регуларни, ќе бидат задоволни и власта која ќе дојде после тие избори ќе биде волја на народот и ќе има легитимитет 4 години да владее. Затоа им предлагам на овде присутните министри и на сите пратеници од власта со должен респект да пријдат кон сите амандмани што се предложени од страна на пратениците од опозицијата се со цел, поаѓам лично од себе бидејќи лично сум спремен, до колку бидат прифатени тие амандмани што ги нудиме и да го гласаме законот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:** (продолжение)

Повторувам ќе се добие многу лош впечаток како за домашната јавност така и за меѓународната , овој закон да го изгласа само власта односно пратениците од власта.

Исто така сметам дека целта на предложените амандмани е единствена со цел во Македонија на есен да бидат спроведени регуларни и чесни избори. Иако последните дополнителни избори во изборната единица 103 покажаа една огромна доза на манипулации како од страна на медиумите односно националната телевизиска куќа, како од страна на Републичката изборна комисија на чело со господинот Конески, кој со овој дефинитивно покажа дека не може да биде претседател на изборна републичка комисија, така и стариот модел односно избирачките список кои се комплетно неажурирани и даваат можност за огромна манипулации од тој што ги поседува конкретно власта.

Кога сум кај консензусот сакам да кажам дека ова е заедничка шанса да донесеме закон кој сите ќе го изгласаме, да не се случи она што се случи како при приемот на нашата држава во ОН власта да презема чекори без да ја праша опозицијата, како при повикувањето на војските на УНПРОФОР, бевме сведоци, не навлегувајќи во нивната оправданост и јас се согласувам дека треба да бидат,но исклучиво за нив требаше овој парламент да дискутира и да ратификува закон, како што го направија останатите парламенти во бившите југословенски републики.

Цело време овде ни се кажува дека законот го поддржале странски експерти, советници и се кажуваат само тие аргументи што одат во прилог на Владата. Зошто не се каже мислењето на претставникот од Ирска од Европската унија кој беше тука и кој кажа дека за одржување на чесни избори власта е должна барем 6 месеци порано да ги ажурира

изборните списоци и мислам дека главен генератор на сите недоразбирања претставуваат токму тие избирачки списоци.

Моделот што го предлага Владата сметам дека на Македонија не и потребен, сметам дека овие 120 пратеници избрани во мнозинскиот принцип се многу и бидејќи условот предвидува идните пратеници да бидат професионалци, тоа ќе биде голем товар за државата и буџетот на државата, на Македонија и е потребен, дури можам слободно да кажам помал парламент од 120 пратеници.

Исто така оние 20 пратеници што актуелната власт ни ги предлага сметам дека се најдиректна негација на Уставот и на неговиот граѓански концепт кој сите заедно го изгласавме и оваа власт докажува дека за цело време труби дека ќе го почитува граѓанскиот концепт за живеење во оваа држава, а упорно ни промовира етнички и национални клучеви. Овој предлог за додатни 20 пратеници кои ќе се избираат на пропорционален модел, сметам дека ќе генерираат етнички хомогенизации и ќе делува дезинтегративно на целата македонска држава.

Исто така сметам дека на овој начин на кој се предлага овие 120 плус 20 за избор на пратеници ќе добиеме еден парламент кој со својата структура стално во иднина ќе произведува една нестабилна власт во Македонија, дека ќе нема политички сили кои ќе можат да обезбедат стабилно владеење на одредена партија и одредена коалиција.

Еве, за да покажеме ние од опозицијата дека не сме толку ан блок дека ги отфрламе сите предлози, еве лично овде изјавувам дека го поддржувам предлогот на претходниот пратеник од СДС господинот Ванчо Младенов каде тој се заложи во вториот круг да одат само двајца најдобро пласирани од првиот круг. Сметам дека е тоа еден разумен предлог и дека на тој начин ќе се избегнат овие сплетки што се случуваат каде граѓаните не можат ни да се одлучат по овој закон што сега се нуди

и можат да се пласираат осум кандидати во вториот круг.

Уште нешто, кога сум веќе тука сосема на крај што мора- ме да го апсолвираме и да го воведеме како традиција, бидејќи е ова прв повеќепартиски парламент, сметам дека треба да се прифати традицијата која е усталена во државите со повеќегодишни, повеќе деценски демократски системи, односно со самиот ден на распишување на изборите кога претседателот на Собранието ќе ги распише изборите за оние клучни министри во Владата кои можат да влијаат на тие избори, а видовме во соседна Грција што се случи есенва на самиот ден на распишување на изборите под итно во истиот ден беа сменети министрите за полиција, правосудство, информации и за од- брана. Тие четири министри под итно треба да бидат сменети и да дојдат луѓе непартиски определени, затоа што и самите избори во изборната единица 103 покажаа дека тие министри не можат да седат по страна, како што беше случај со министерот Фрчковски и директната инволвираниот на вработените во јавната и државната безбедност на самото избирачко место,. како и со органите на правосудството кои беа вклучени во изборната комисија 103.

Со ова завршувам со една реплика до господинот Тито Петковски. Тој во своето излагање навистина беше контрадикторно, морам тоа да го спомнам, дека е интерес на секоја држава граѓаните се здружуваат во политички партии поради нивните социјални интереси, што во суштина е така. Но, мене навистина не ми е јасно ако е така зошто тогаш се предлагаат овие 20 додатни изборни пратенички места кои најдиректно ќе генерираат здружување по етнички колективитети.

И уште нешто, многу ми е драго што господинот Тито Петковски еволуирал за овие четири години и што на минатите избори фрлаше

летоци на бугарски јазик, јас сум задоволен што сега де- леа памфлети на македонски јазик.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тишина.

Господинот Петковски сака реплика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прво, им се извинувам на сите пратеници што се присутни во салата што имате можност да ме гледате неколку пати на говорницата, а сами знаете дека тоа не ми е пракса. Меѓутоа, сум предизвикан и еве некој сака да ме гледа тука.

Што се однесува до летоците кои многу господинот Пановски го интересираат уште од првиот ден кога влезе во Парламентот, мислам дека е завршена приказна.

(Негодување во. салата) .

Па, продолжете ја ако не е завршена.

Второ, летоците ги делеше Демократската партија во изборната единица 103, а нашата партија СДС одговараше на тие лаги и пам флети што беа од Демократската партија.

Според тоа, не станува збор за нерамноправност на тој план само екстремизмот е на ваша страна и милитантност.

Второ, што се однесува до.... (Дофрлување од место), па добро, не сме на пазар господине Јованов, се наоѓаме во македонскиот Парламент....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па и тоа е некоја нетрпеливост. Тишина. Тоа е некој ваш знак.

X/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Што се однесува до еволуцијата во однос на застапеноста на националните групации во македонскиот Парламент јас реков пропорционалниот систем во Македонија во принцип заради етничката нехомогеност не и одговара перспективно, заради заштита на државните интереси. Меѓутоа, во оваа фаза кога имаме прв пат повеќепартиски систем по долги години еднопартиски систем, за мене е природна желбата на сите национални групации од Македонија да ги артикулираат своите интереси и на оваа основа. Веројатно е тоа цех на детските болести на политичката демократија во Македонија што ќе треба да ја преболиме. Овој процент од 20 пратеници во македонскиот Парламент е во функција токму на демократичноста на македонската држава, да им даде можност, ако е тоа процес во овој момент тие интереси да ги наметнат. Убеден сум во тоа дека перспективата на Македонија е во тоа, тоа го знаат сите национални групации е во создавање на цивилно - граѓанско општество и дека ова ќе биде само вовед во едно граѓанско општество а во овој момент во овој степен на развој како на политичките, општествените и вкупните односи во државата тоа не и штети на македонската држава.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас најодговорно тврдам дека Демократската партија не исполнила никаков милитантизам, а уште помалку екстремизам во дополнителните избори во изборната единица 103. Тоа господинот Тито Петковски најдобро го знае. Гледачите во Скопје, најдобро знаат имаа прилика на А-1 телевизија да го видат дуелот помеѓу Господинот Никола Поповски и господинот Тортевски и на кој начин господинот Поповски не можеше нивниот леток да го аргументира ама баш со ништо.

Имаше четири часа видео снимка па можат да погледаат, а додека сме кај летоците сакам да кажам уште нешто ова што го кажа господинот Тито Петковски, веднаш по ноемвриските избори ќе се види кон каква нестабилна ситуација ќе дојде Македонија во смисла да не може да се оформи стабилна влада. Тоа го тврдам со овие 20 додатни пратенички места и на таков начин ќе се расцепка ова парламентарно ткиво што ќе биде навистина чудо да може некој да оформи една цврста коалиција и повеќе од 50% за да може да се конституира една стабилна влада. На секоја држава и е потребна стабилна влада за да може да има едно стабилно владеење и спроведување на закони.

Кога сме веќе кај летоците господинот Тито Петковски со ништо не ме убеди во неговото не вмешување, во неговото неинволвирање во летоците кои што на бугарски јазик се делеа во Скопје беа дистрибуирани од страна на негова вмешаност за што постоеја изјави од луѓе и многу е жално што бившиот министер за внатрешни работи Јордан Мијалков на ката трагичен начин го изгуби животот за што тврдам дека тие докази ќе беа објавени со гаранција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Пановски е ко Јосиф од Трбушница. Тоа па тоа. Три ипол години. Јас морам да одговарам постојано на истото.

Прво, ако имаше и еден доказ господинот Пановски и партијата што ме обвинува за тоа, јас ве уверувам дека тие докази досега ќе ги искористеа, ќе ме тужеа и ќе ме затвореа, ќе ми го земеа имунитетот. Меѓутоа, тие настапуваат по онаа народната "држ те го крадецот" Прво, ги растурија летоците, па сега дај импутирај на некој друг. Мислам дека е некоректно и нечесно таа работа. Дајте имаме надлежни институти, па ве молам покренете постапка па органите нека ја докажат таа работа. Вие, три ипол години немате што да забележите на моите дискусии и кога ќе

се најдете во тесно летоците па летоците. Тоа е стварност, меѓутоа, докажете го ако сме' правна држава, ве молам никој тоа не ви го оспорил.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Јас излегов да му реплицирам на колегата Пановски, мислам дека целта на мојата дискусија не беше дека се залагам во вториот круг да одат двајца кандидати оние кои имаат најповеќе гласови во првиот круг. Целта ми беше и потенцирав и тенденцијата ми беше граѓаните на Република Македонија да не ги тераме повеќе барем од двата круга да излегуваат на гласање. Тоа ми беше тенденцијата, а не дека се залагам во вториот круг да бидат двајца кандидати. Не беше мојата дискусија во таа конотација.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Не знам што господинот Младенов мислел, јас знам што кажал и врз основа на тоа што кажал го поддржав тоа негово кажување.

Господинот Тито Петковски морам да го упатам, бидејќи овде во Собранието постои Комисија за контрола на Службата за државна безбедност. Бидејќи не членувам во ниедна комисија ги читам извештаите од тие комисии. Во извештајот на таа комисија за контрола на Службата за државна безбедност чиј претседател е господинот Стоиле Стојков стои дека господинот Тито Петковски со име и презиме е директно инволвиран во делењето летоци на бугарски јазик на првите повеќепартиски избори и нивниот член на СДС Игне Виларов, сега е одборник во Градското собрание и ќе ве молам господине Петковски читајте ги извештаите од собраниските комисии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Мислам дека добро ги читам сите собраниски материјали такво нешто во извештајот на Комисијата не сретнав еве, дали некој од пратениците овде прочитал, ве молам. (Реакција од левата страна) Не,вие сте читале сигурно, јас говорам за останатите пратеници.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Сакам да го коригирам претходниот дискутант во една непрециност која јас ја кажав пред пладне тој ме дополни со тезата дека со пропорционалниот систем ќе се подобри структурата во Парламентот со националностите. Јас го кажувам обратното со пропорционалниот систем само ќе изгуби македонскиот народ и многу градови од Западниот дел на Македонија. Тоа го тврдам и никој нема што да додаде, туку само ќе се изгуби. Останувам на тоа.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јас како претседател на Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност морам да^кажам дека оваа собраниска комисија расправајќи по три прашања расправајќи за прашањето на растурањето на летоците на бугарски јазик во таа предизборна кампања. Морам да наведам дека материјалот што ни беше доставен носеше ознака "строго доверливо" и членовите на Комиси- јата го прочитаа тоа што пишуваше таму. Констатацијата беше изнесена од еден пратеник овде во Собранието. Тоа е таа констатација дека одре дена партија СДС и одредена личност стои во тој извештај. Како што изнесе пратеникот е потполно така, меѓутоа, јас не знам од каде му е тоа познато затоа што Комисијата со 4 гласа за донесе заклучок дека сето тоа е,на некој начин парафразирам,вистина.7-те членови на таа Комисија тоа го видоа со свои очи односно тој материјал им беше доставен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да го ислушаме и господинот Поповски, нема веќе реплики оваа е дискусија и во 17,00 часот ќе завршиме со денешната расправа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Добро е што Парламентот најде сили да се врати на расправат по Законот.

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, мислам дека најпрвин би требало за овој закон да извлечеме две констатации.

Првата констатација е дека иако предлагачот на Законот овој пат нуди измени и дополнувања на Законот, длабоко сум убеден дека во суштина ова Собрание расправа за квалитетно нов изборен закон во Република Македонија. Така што мислам дека вниманието по расправата треба да ни биде насочено во таа насока дека ние расправаме за еден нов закон по мое длабоко убедување затоа што во Законот има еден дел како и во секој закон кој едноставно значи техника на спроведување на Законот. Како се гласа, како се формираат државни комисии, кој ги спроведува изборите, кој смее да гласа,кој не смее итн. Тоа е процедура и тоа е содржина на закон кој никој нема да може да го избегне во оваа држава ниту во било која држава расправајќи за соодветен изборен закон. Тоа е едноставно тоа. Она што е битно е дека со Законот се нудат системи на гласање, со законот се нудат цензуси во гласањето, проодност во вториот круг итн. Токму е тоа што овој закон во овој случај го нуди. Јас ќе кажам само 6 точки за кои мислам дека Законот, исклучувајќи го целиот технички дел кој значи суштина при спроведување на избори и го квалификува како нов закон во РМ од аспект на изборните односи.

Прво, се менува системот на изборите кој во Македонија до сега беше чисто мнозински.

XI/1 јм/вц

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (продолжение)

За тоа ќе зборувам подоцна. Понатаму се врши подобрување во справедливоста на спроведувањето на изборите. Трето, се менува цензусот за проодност во вториот круг. Четврто, се определува неспоивоста и неизбирливоста на пратениците, веројатно тоа ќе се применува и за одборниците. Понатаму ги прецизира надлежностите на изборните комисии врз основа на нашето трииполгодишно искуство на овој план и го обработува и претставувањето на сите кои претендираат да се кандидираат за пратеници во средствата за информирање особено оние кои имаат јавен карактер. Врз основа на овие шест промени во Законот ние можеме да кажеме дека Законот нуди нов систем и од мој аспект можам да оценам дека Законот се разбира дека не е идеален, се разбира дека никој не може да каже за ниеден закон на светот дека е идеален. Тука мојата оценка едека во однос на постојни закон по кој сите ние сме избрани во ова Собрание овој закон сигурно е чекор, или два понапред во демократичноста и во спроведувањето на техниката на изборите. Мислам дека ретко кој ќе може да се најде и др практичен и од политички па можеби и од стручен аспект да го критикува Законот дека не претставува неколку чекори понапред од она што дефакто го имаме во Република Македонија. Она што мислам дека заслужува Законот во овој момент да се потенцира во Собранието е следново. Изборниот систем во Република Македонија кој досега е мнозински и понатаму дефакто останува мнозински и не треба да имаме разни калкулации на тоа дека се менува радикално изборниот систем, дека тоа ќе влијае и понатаму на резултатите на изборите и т.н. Меѓутоа, мора да констатираме дека законот покрај мнозинскиот изборен систем воведува дел на избор на пратеници и одборници на пропорционална листа, меѓутоа само како коректив. Така што јас од ова место изразувам

несогласување со оние пратеници кои тврдат дека толку многу се менува системот што тој веќе ќе донесе големи пореметувања врз основа на системот како се избираат пратениците. Сепак, треба да се сложиме дека пропорционалниот систем во овој закон е коректив на мнозинскиот систем со самиот факт дека една седмина од пратениците само се бираат на пропорционален, а шест седмици се бираат на мнозинскиот изборен систем. Се разбира дека ова има и погодности и непогодности, меѓутоа за Македонија како држава во транзиција мислам. дека е битно да се задржи мнозинскиот систем како основата на изборниот систем поради обезбедување на стабилноста на власта, а пропорционалниот да се воведе како коректив. Јас не се сложувам дека тоа во основа се прави заради претставување на етничките колективитети, туку пред се на претставување на оние партии кои нема да освојат доволен број гласови за пратеник во мнозинскиот систем, меѓутоа ќе имаат над 5%. Тие исто така да бидат претставени и тие не можат да ја дестабилизираат власта во услови кога од 140 пратеници 120 ќе се изберат по систем кој претставува некаква гаранција дека во Парламентот ќе се бираат пратеници само од поголемите партии и кои ќе; можат да формираат стабилна власт. Во прилог на тоа оди и намерата на предлагачот на Законот да се подигне цензусот за влегување во вториот круг близу за 100%. Вие сите знаете дека се подига цензусот од 7% на 12%. Сметам дека кога веќе го имаме корективот во пропорционалниот систем за да можат помалите партии да влезат со 5%. Нели знаете, теоретски може да се случи некоја партија 40% од гласовите да освои без ниеден пратеник да остане во мнозинскиот систем . Со пропорционалниот таа ќе биде претставена, меѓутоа заради покачување на цензусот од 7 на 12% ќе обезбеди кај оние пратеници кои влегуваат во вториот круг, односно кај оние партии кои можат да исфорсираат голем број на пратеници во вториот круг да обезбедуваат и постабилно мнозинство во Парламентот.

Подигањето на цензусот од 7 на 12% јас лично го оценувам како можност да се формира постабилно мнозинство во Парламентот односно постабилна влада, односно постабилни услови за раководење со државата. Исто така, мислам дека треба да го изразиме и задоволството дека во овој закон веќе многу децидно се регулира по однос на пратениците кои функции се неспоиви со пратеничката функција и за кои граѓани во Република Македонија се воведува принципот на избирливост заради нивно вршење на професионални задачи во некои органи кои се наведени во Законот. Мислам дека треба во основа и да се подржат оние работи кои се даваат во надлежност на изборните комисии за кои и досега постоеше согласност, меѓутоа кои ова трииполгодишно искуство ни го наметна како ново. Исто така, мислам дека треба да се направат напори да се протнат оние решенија во Законот кои обезбедуваат изборите да се спроведуваат од државни комисии, секој кандидат да си има свои контролори на изборните места, меѓутоа тие контролори да не бидат од страна на државните комисии третирани како едноставно нерамноправен партнер во спроведувањето на изборите на самиот ден на изборите на самите гласачки кутии. Мора во Законот да се обезбеди и мислам дека тоа не произлегува целосно од овој закон и сепак се остава една празнина да се верува дека контролорите од- страна на кандидатите на самиот ден на гласањето се на некаков начин третирани како луѓе од втора категорија во спроведувањето на изборите. Мислам дека тие треба да добијат иако се во променливиот дел рамноправен карактер со постојаниот дел за да може контролата на изборите да се спроведува. Исто така, ги поддржувам и афинитетите на Законот да овозможат законска регулација како сите кандидати, или политички партии кои кандидирале се претставуваат во средствата за јавно информирање особено оние кои се јавни претпријатија формирани од

страна на државни органи итн. времетраење итн. Она што на крајот сакам да го кажам е следново. Мислам дека Парламентот не треба да влезе во замката, барајќи поголема демократија и демократичност во изборите да навлезе до тој степен во расправањето за системот на спроведувањето на изборите, односно на техниката на спроведувањето на изборите и на тој начин да обезбедува демократија, а едновремено до таа мера да го запостави изборниот систем кој може генерички да создаде недемократски услови. Ако имаме изборен систем кој не ствара демократски услови, некои партии со голем број гласови да не можат да влезат заради системот, тогаш нас ни е сосема џабе ако во Парламентот обезбедиме целосна проодност и функционираше техничко на денот на изборите и на предизборните активности и утврдување на резултатите од технички аспект тоа да биде сосема фер ако самиот систем ствара недемократски услови. И токму затоа сметам дека системот е сепак многу битен и за него требаше веројатно и повеќе мислења да слушнеме особено ;од страна на лидерот на опозиционата партија во Македонија, односно од лидерот на опозицијата во Македонија кои се дефакто забелешките по изборните закони. Инаку за за техниката тоа е сета техника која може лесно да се спроведе.

И на крајот со оглед дека ова е општа расправа имаме по мое согледување некаде околу педесетина амандмани досега. Мојата главна забелешка е тоа, амандманите мислам дека не се во еден дел од суштински карактер и се однесуваат на техниката и дека тоа може многу лесно Парламентот да го надмине. Секоја партија е заинтересирана на еден, или на друг начин да има фер плеј избори во Република Македонија. Меѓутоа има амандмани кои одат на границата помеѓу целосно мнозински систем или пак мнозинско пропорционален систем со пропорција 100 на мнозински 40 што значи еден спрема два, веќе не е

коректив туку е партнер на мнозинскиот систем и пропорционалниот систем. Така што мислам за тие делови ќе треба многу посериозно внимание да посветиме.

И на крајот врз основа на денешната расправа доколку Парламентот прифаќа и една шеговита забелешка во наредниве денови со оглед на тоа како течеа дискусиите од некои дискутанти очекувам да видам амандман дека изборите се фер и демократски само ако нашата партија добие, ако не добие тогаш секогаш ќе бидат фалсификувани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме уште четворица пријавени за дискусија. Дали можеме сега да продолжиме со работа? пратениците не се согласуваат)

Седницата ќе продолжи утре со почеток во 10 часот.

(Седницата прекина во 17 часот).